Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
# 2025 – 2027 година

Скопје, октомври 2024 година

**Почитувани,**

Министерството за култура и туризам на Република Северна Македонија во периодот од 2025 до 2027 година ќе се стреми да го засили своето водечко место во зачувувањето, развојот и промоцијата на универзалните културни и естетски вредности. Овие вредности претставуваат темел на секое цивилизирано општество, длабоко вкоренети во историјата, но и флексибилни за современите културни предизвици. Културата е поставена како национален приоритет со широки импликации врз иднината на земјата – како за јакнење на националниот идентитет, така и за зајакнување на општествената кохезија и меѓународната соработка.

Паралелно, туризмот се препознава како една од најважните економски гранки, со огромен потенцијал за раст и развој. Туризмот не само што ја отвора земјата за светот, туку и го поттикнува економскиот просперитет преку зголемување на вработеноста, привлекување странски инвестиции и одржливо управување со природните и културните ресурси. Стратешкиот план за периодот 2025 – 2027 го нагласува туризмот како клучна гранка врз која ќе се потпира македонската економија, при што ќе се вложуваат значителни напори за модернизација и унапредување на туристичката понуда, особено во насока на културниот туризам, екотуризмот и руралниот туризам.

Културата и туризмот не се само инструменти за економски и социјален напредок, туку и средства за ширење на толеранцијата, разбирањето и меѓукултурниот дијалог. Министерството во следните години ќе работи на подобрување на условите за креативно изразување, заштита на културното наследство, како и на поттикнување на нови форми на современо културно творештво. Истовремено, ќе се настојува да се обезбеди еднаков пристап до културните добра за сите граѓани, независно од нивната социјална, географска или економска положба.

Овој стратешки план се темели на посветено вложување во културната инфраструктура и човечките ресурси, кои ќе обезбедат долгорочен развој и конкурентност. Културното богатство на Македонија, во комбинација со природните убавини, создава уникатна симбиоза која треба да биде столб на туристичката промоција на земјата на глобалната сцена.

Министерството ќе ги спроведува сите активности преку добро структурирани стратегиски партнерства со домашни и со меѓународни институции, со невладини организации и со приватниот сектор. Ова е неопходно за да се оствари еден од најважните

аспекти на овој стратешки план – континуирано и целосно вклучување на граѓаните и на културните работници во креирањето на иднината на македонската култура и туризам.

Со поставувањето на културата како суштински елемент за духовен развој и туризмот како генератор на економските процеси во земјата, Министерството за култура и туризам има цел да создаде долгорочна визија за одржлив и инклузивен раст. Овој стратегиски документ не само што ги поставува главните приоритети и насоки, туку претставува и повик за обединување околу заедничката визија за подобра иднина, а стратегијата 2025 – 2027 година е водилка кон општество во кое културата е достапна за сите, а туризмот е клучен двигател за економски успех.

**М И Н И С Т Е Р**

**Зоран Љутков**

## ВОВЕД

Стратешкиот план на Министерството за култура и туризам за периодот 2025 – 2027 година претставува повеќенаменски документ кој ги одразува целите и приоритетите, како и реформските процеси во областите за кои е надлежно Министерството за период од три години, целосно усогласени со Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија. Стратешкиот план е изготвен во согласност со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 103 од 18.05.2023 година) и Упатството за начинот на

постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на РСМ“ бр. 131/18).

Со Стратешкиот план е предвидено да се имплементираат вкупно 6 програми и 17 потпрограми кои се посветени на развој на културата и туризмот, унапредување на институционалната инфраструктура, заштита на културното наследство, во согласност со современите меѓународни стандарди, како и поддршка на независната културна сцена. Истовремено, во Стратешкиот план на Министерството за култура и туризам се содржани и целите и задачите на организациските единици на Министерството во целина, активностите за остварување на тие цели, ефектите и резултатите што се очекуваат и човечките и финансиските ресурси за нивно остварување. Реализацијата на целите и задачите е дадена по носители и рокови за нивно извршување. Во овие рамки, покрај редовните активности, ставен е акцент и на продолжување на реформите на полето на унапредување и развој на културата во Република Северна Македонија.

## 1.1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Културната политика во текот на 2022 и 2023 година беше под големо влијание на ковид-кризата, а тоа ја наметна потребата во такви услови да се обезбеди правото на култура. Пандемијата предизвикана од ширењето на вирусот КОВИД-19 значително влијаеше врз динамиката на културниот живот во Република Северна Македонија, како и врз претставувањата во меѓународни рамки. Националните установи ја остваруваа својата дејност во скратени рамки, што се одрази врз нивната продукција.

Министерството за култура ги имплементираше мерките на Владата на Република Северна Македонија и на Министерството за здравство што се однесуваа на здравствената превенција и се фокусираше на изнаоѓање можности за поддршка на најранливите категории во културниот сектор, кои во моментот трпат и егзистенцијални последици. Во таа смисла, Владата донесе уредби со законска сила: за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба, за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба, за финансиска поддршка на уметниците и на други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна состојба.

Исто така, беа донесени и Одлука за финансиска поддршка на уметниците и на културните работници, Одлука за финансиска поддршка на филмските работници и Одлука за финансиска поддршка на самостојните уметници.

Во програмска смисла, пандемијата предизвикана од ширењето на КОВИД-19 јасно ја лоцираше и потребата од засилена поддршка на иновативните форми на соработка во културата, активно користење на комуникациските технологии итн.

Во врска со работата на Министерството за култура и туризам, според извршените анализи во последните години, како основни слабости може да се нотираат:

- недостиг на човечки ресурси во одредени сектори, особено во: Секторот за инвестициони работи, Секторот за јавни набавки, Одделението за човечки ресурси, Секторот за јавни набавки, Секторот за управен и инспекциски надзор, Одделението за внатрешна ревизија и Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење;
- недоволна искористеност на претпристапните фондови за поддршка на проекти од доменот на културата;
- потреба од измена и/или дополнување на законската регулатива во сите домени на културата;
- застарени и несоодветни инфраструктурни капацитети во голем дел од установите од областа на културата и недоволни фондови за инвестициско одржување, реконструкција, адаптација и набавка на опрема;
- драстичен недостиг на стручен кадар во областа на заштитата на културното наледство, особено во доменот на недвижното наследство;
- застарени и несоодветни технички и кадровски информатички капацитети во сите национални установи од областа на културата, што оневозможува примена на современи технологии, како и соодветно документирање и дигитализација на културните ресурси.

## 1.2. МИСИЈА

Мисијата на Министерството за култура и туризам е да се создадат услови за развој на координирана и ефикасна културна политика преку: воспоставување функционални, законодавни, инфраструктурни, организациски, материјални и финансиски услови за развој на културата; воспоставување експертска и вонпартиска кадровска политика; обезбедување автономија на субјектите во културата; воведување принципи на транспарентност и партиципативност во процесите на носење одлуки и стратегиско управување, особено евалуација, анализи, истражувања и интерсекторско усогласување со другите ресори на државните политики.

## 1.3. ВИЗИЈА

Демократизирана, плурална и автономна култура и уметничка продукција; партиципативна во одлучувањето; остварен динамичен и одржлив културен развој; усвоен систем за рамноправна дистрибуција на средствата во согласност со утврдените приоритети; развиен систем на ефикасна заштита на културното наследство; развиена критичка култура; општествена одговорност во сите културни практики и создадени функционални релации меѓу културата и другите сфери на општествено живеење.

## 1.4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Задачите и обврските на Министерството за култура и туризам, кое нема подрачни единици во својот состав, произлегуваат од пропишаните специфични надлежности во следниве области:

- Дејности од областа на културата и уметноста.
- Промоција на културата, на културниот развој и на културните политики.
- Меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО.
- Соработка со институциите на ЕУ и интегрирање на европските вредности.
- Организација, развој и финансирање на културата.
- Следење, анализирање и предлагање акти и мерки за развој и унапредување на културата.
- Заштита, управување и ревитализација на културното наследство.
- Остварување и заштита на авторското право и сродните права.
- Надзор од надлежност во културата.
- Подготовка на прописи и на други акти од областа на културата.

**Улогата на Министерството за култура и туризам во областите за кои е надлежно е:**

- креирање и развивање политики во областите од делокругот на дејствувањето;
- подготвување и предлагање закони и други прописи за областите од својата надлежност;
- усогласување на законите, прописите, меѓународните и европските конвенции и договори;
- следење на спроведувањето на прописите за да се оцени дали прописите ги остваруваат очекуваните резултати;

- вршење инспекциски надзор над спроведувањето на прописите со кои се уредуваат областите за кои е надлежно.

## 1.5. СПЕЦИФИЧНОСТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Министерството за култура и туризам е орган на државната управа со кој раководи министер. Делокругот на работа на Министерството за култура и туризам е утврден во член 26 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 и 190/19).

Во согласност со наведената законска одредба, Министерството за култура и туризам е надлежно да врши работи што се однесуваат на:

- следење, анализирање и предлагање акти и мерки за развој и унапредување на културата;
- организација, финансирање и развој на мрежата на националните установи и финансирање програми и проекти од национален интерес во оваа област;
- заштита на културното наследство;
- издавачка, музичка, сценско-уметничка, филмска, галериска, библиотечна, архивска, музејска и кинотечна дејност, дејноста на домовите на културата и дејноста за посредување во културата;
- заштита на авторското право и сродните права;
- споменично одбележување на настани и истакнати личности од национален интерес;
- инспекциски надзор во негова надлежност;
- други работи утврдени со закон.

Министерството за култура и туризам остварува поблиска соработка и координација со органите на државната управа заради развивање интегриран пристап во планирањето на развојот на спецификите наведени во точката 1.5 од овој документ, и тоа:

- со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија;
- со Министерството за финансии – за реализирање на Годишната програма на Министерството за култура и туризам, за европските фондови и за друг вид странска помош;
- со Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија (Државен пазарен инспекторат), Министерството за внатрешни работи – Оддел за организиран криминал, Царинската управа и со Министерството за правда – за авторското право и сродните права, заштитата на културното наследство и развој на културниот туризам;
- со Министерството за образование и наука;

- со Министерството за политички систем и односи со заедниците – Управа за образование на припадниците на заедниците – за културата на припадниците на заедниците;
- со Секретаријатот за европски прашања – усогласување со европското законодавство (НПАА), за спроведување на програмите на ЕУ (Креативна Европа, Култура и МЕДИА), Инструментот за претпристапна помош ИПА, за аудиовизуелната дејност, за авторското право и сродните права и за заштитата на културното наследство;
- со Министерството за образование и наука – во образованието да се промовираат културата и културното наследство;
- со Министерството за надворешни работи – за меѓународната соработка и за ратификација и склучување меѓународни договори;
- со Државниот завод за индустриска сопственост, со Министерството за економија, со Министерството за внатрешни работи и други надлежни органи – за спроведување на режимот на интелектуалната сопственост што ги вклучува и авторското право и сродните права;
- со Инспекцискиот совет на РСМ – за поголема ефикасност и стручно оспособување и усовршување на инспекторите за култура, спроведување стручен испит за добивање лиценца за инспектор, како и други прашања во врска со работењето на инспекциската служба;
- со Државниот завод за статистика – за доставување статистички податоци од областа на културата;
- со Министерството за информатичко општество и администрација – за реформите во јавната администрација и дигитализација на работните процеси во Министерството за култура и туризам;
- со Министерството за локална самоуправа – за децентрализација во културата и соработка во спроведувањето на ЕУ-програми;
- со Министерството за труд и социјална политика – за спроведување на политиките за инклузивност на културата кај ранливите групи и различните групи;
- хоризонтална и вертикална соработка на национално и на локално ниво – за остварување соработка и за спроведување на препораките на УНЕСКО и на ЕУ.

## 1.6. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Во согласност со утврдените надлежности во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во согласност со член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот

сектор, изготвен е Правилник за систематизација на работните места во Министерството за култура, како и Правилник за внатрешна организација на Министерството за култура.

Во согласност со актот за организација, во Министерството за култура  и туризам има 12 сектори и 33 одделенија.

Според карактерот, обемот и степенот на сложеноста на работните места, во Министерството за култура и туризам постојат следниве организациски облици (органограм на Министерството за култура и туризам):


МИНИСТЕР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА Р.МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНИ СОВЕТНИЦИ
ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И СЛЕДЕЊЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
СЕКТОР ЗА ОПШТИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АДМИНИСТРАТИВНО-ИМОТНИ И АРХИВСКИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА
СЕКТОР ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВЕН НАДЗОР И И НАДЗОР НАД НАМЕНСКОТО КОРИСТЕЊЕ НА БУЏЕТОКИ СРЕДСТВА
СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КООРДИНАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КОНТРОЛА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ПЛАЌАЊА
СЕКТОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ НАБАВКИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОДЕЛЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА И СОРАБОТКА СО УНЕСКО НА РМ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОРДИНАЦИЈА НА КУЛТУРНАТА СОРАБОТКА СО НР КИНА И ЗЕМЈИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА (16+1)
СЕКТОР ЗА НОРМАТИВНИ-УПРАВНИ РАБОТИ И ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НОРМАТИВНИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВНИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА
СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ И ЗАШТИТА НА НЕМАТЕРИЈАЛНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛАДСТВО И ЗАШТИТА НА АУДИОВИЗУЕЛНИ ДОБРА
СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ, АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЦЕНТРИ НА КУЛТУРАТА, ФОЛКЛОР И МУЗИЧКОСЦЕНСКА ДЕЈНОСТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРАМСКА И ФИЛМСКА ДЕЈНОСТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ И ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИ ПРОЕКТИ
СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКИ ИНТЕГРАЦИИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КРЕАТИВНА ЕВРОПА НА ЕУ - ПОДПРОГРАМА КУЛТУРА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КООРДИНИРАЊЕ НА ИПА ПРОЕКТИ И ДРУГ ВИД СТРАНСКА ПОМОШ
СЕКТОР ЗА СЛЕДЕЊЕ,РАЗВОЈ И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРЖАВНИ НАГРАДИ
СЕКТОР ЗА ИНВЕСТИЦИОНИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ОБЈЕКТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНВЕСТИЦИИ И ОСИГУРУВАЊЕ
СЕКТОР ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРАТА И ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, РАЗВОЈ, АНАЛИЗИ, ИСТРАЖУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 1.7. ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ

Во согласност со член 144 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), орган во составот на Министерството за култура и туризам, со својство на правно лице, е Управата за заштита на културното наследство (УЗКН).

УЗКН ја раководи директор што го именува Владата на Република Северна Македонија.

Во согласност со Законот за културно наследство, Управата за заштита на културното наследство:

1. води управна постапка по предмети од областа на заштитата на културното наследство и донесува управни акти во согласност со овој закон;

2. ги подготвува актите од областа на заштитата на културното наследство што ги донесува Министерството за култура и туризам;

3. учествува во управни и други постапки поврзани со културното наследство и неговата заштита што ги водат други надлежни органи, во случаите утврдени со овој и со друг закон;

4. поведува иницијативи и постапки пред надлежни органи за работи што се од јавен интерес за културното наследство и неговата заштита;

5. го координира спроведувањето на националните и стратегиски значајни проекти, планови и програми во остварувањето на заштитата на културното наследство;

6. предлага Национална стратегија за заштита и користење на културното наследство;

7. предлага Национален акциски план за превенција на криминалитетот против културното наследство и го координира неговото спроведување;

8. ја предлага Приоритетната листа од членот 110 на овој закон;

9. ја координира меѓународната соработка во врска со заштитата на културното наследство;

10. формира одбори за нематеријално, недвижно и движно културно наследство како советодавни тела;

11. формира координативен одбор за заштита на културни добра во случај на вооружен судир и други постојани и привремени помошни тела;

12. ја следи и ја анализира состојбата на културното наследство и предлага акти и мерки за остварување, развој и унапредување на неговата заштита;

13. води централна евиденција и посебни национални инвентари на културното наследство, во смисла на овој закон и ратификуваните меѓународни договори;

14. врши класифицирање според Националната класификација на културното наследство;
15. го води Националниот регистар на културното наследство;
16. ги врши работите поврзани со воспоставувањето, организирањето и развојот на Информативниот систем за културното наследство на Република Северна Македонија;
17. врши работи за безбедносна заштита и заштита на културното наследство во случај на вооружен судир и природни катастрофи;
18. врши работи за заштита од физичко оштетување забрзано од загадувањето и за унапредување на квалитетот на животната средина во заштитените подрачја;
19. управува со културното наследство во државна сопственост, за кое правото на користење не му е дадено на друг носител на тоа право или за кое не е дадена концесија;
20. ги врши работите во врска со: остварувањето на правото на првенствено купување, утврдувањето на правичните надоместоци, висината на наградата за случајно откритие, обезбедувањето по пат на хипотека и други работи од имотно-правна природа од областа на заштитата на културното наследство;
21. подготвува планови и програми за заштита на културното наследство во согласност со овој закон;
22. ја следи примената на ратификуваните меѓународни договори од областа на заштитата на културното наследство, предлага и презема активности за остварување на правата и обврските што произлегуваат од нив и подготвува национални извештаи за нивната примена;
23. ги врши работите на инспекцискиот надзор над спроведувањето на прописите за заштита на културното наследство во согласност со овој закон;
24. ги води работите во врска со меѓународната соработка и помош во областа на заштитата на културното наследство;
25. организира вршење на други работи од областа на заштитата на културното наследство од надлежноста на Министерството за култура туризам, утврдени со закон.

## 1.8. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Во текот на периодот опфатен со Стратешкиот план 2025 – 2027, Министерството за култура и туризам ќе се фокусира на остварување на следниве стратешки приоритети и приоритетни цели:

***Приоритет 1:*** *Развој на координирана и ефикасна културна политика*
**Цели**

- Воспоставување функционални правни, организациски, материјални и финансиски услови за развој на културата и туризмот.
- Воспоставување експертска и вонпартиска кадровска политика.
- Обезбедување автономија на субјектите во културата.
- Воведување принципи на транспарентност и партиципативност во процесите на носење одлуки и стратегиско управување, особено: евалуација, анализи, истражувања и интерсекторско усогласување со другите ресори на државните политики.

***Приоритет 2:*** *Градење унитарно, мултикултурно и толерантно општество преку суштинска политичка поддршка со која Република Северна Македонија ќе се гради како граѓанска држава на сите што живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци и сите други помали заедници, во насока на поголема интеркултурна комуникација и градење дух на меѓусебно почитување*.

**Цели**

- Спроведување културна политика во која клучните вредности се слободата на творештвото, еднаквоста и универзалното добро, а најважните движечки принципи се пристапноста, учеството и еднаквите услови и права на сите.
- Ревизија на целокупната политика во дејноста, критериумите за финансирање во дејноста и востановување нови, врз основа на евалуација и јасни показатели.
- Постепена децентрализација, односно преминување на дел од центрите за култура/домовите на културата и манифестациите на локално ниво.
- Афирмација на културата како клучен економски, социјален и политички капитал и фактор што го шири демократскиот јавен простор.
- Унапредување на заемното разбирање, дијалогот и рамноправната вклученост на ранливите и маргинализираните групи во културната продукција и во социокултурниот живот, со што културата ќе се презентира како фактор на општествена кохезија и трансформација.
- Негување на македонскиот јазик, на јазиците на заедниците и на интеркултурната соработка.

***Приоритет 3***: *Заштита на културното наследство*

**Цели**

Остварување на јавниот интерес во заштитата и конзервацијата на културното наследство, особено преку:

- идентификација, документирање, истражување и интерпретација, валоризација, ревалоризација и категоризација на културното наследството;

- примена на научни, стручни, конзерваторско-реставраторски и други технички мерки за заштита на културното наследството;
- презентација и популаризација на културното наследство и развивање на свеста за неговите вредности;
- вклучување на знаењата за културното наследство во сите форми и степени на образованието;
- поттикнување на одржливото користење на културното наследство во согласност со принципите на интегрирана заштита;
- промоција на културната разноликост, со почит кон разноликоста на културното наследство и толкувањата за него;
- создавање услови за конзервација и интегрирано управување и други активности на социјална инклузија;
- управување со ризиците на кои е изложено културното наследство и справување со последиците од климатските промени;
- заштита на нематеријалното наследство преку изработување и чување записи за него, како и со поттикнување на неговото пренесување во изворните и во другите средини;
- развој на меѓународна соработка;
- учество на јавноста во креирањето и спроведувањето на политиките поврзани со заштитата и конзервацијата на културното наследство.

***<u>Приоритет 4:</u>*** *<u>Унапредување на меѓународната соработка и ефективна промоција на културата на Република Северна Македонија во меѓународни рамки</u>*

***<u>Цели</u>***

- Јакнење на добрососедските односи, на соработката со европските и со воневропските земји на билатерален и на мултилатерален план.
- Активна комуникација и партиципација во иницијативите и во проектите на меѓународните организации.
- Реализација на програми и проекти што ќе овозможат поголемо присуство и видливост на културата на Република Северна Македонија во меѓународни рамки.

***<u>Приоритет 5:</u>*** *<u>Зајакнување на процесот на европска интеграција во културата</u>*

***Цели***

- Ефикасно користење на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2021 – 2027 на Европската Унија (ЕУ) и на програмите на ЕУ за националните културни установи, граѓанскиот сектор во областа на културата, како и за независната сцена.
- Зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратегиски програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија.
- Поддршка на транснационалната европска соработка преку „Креативна Европа 2021 – 2027“.

- Соработка со институциите на ЕУ и активно следење на европските културни политики и практики.

- Вклучување во нови иницијативи на ЕУ за државите од Западен Балкан, во согласност со потребите на македонскиот културен сектор.

- Обезбедување техничка поддршка на националните и на локалните институции од областа на културата за подготовка на апликациски пакети за апсорпција на ЕУ-фондовите/приоритетите.

- Подготвување анализи, развивање стратегии, акциски планови, иницијативи (национални, регионални и сл.) како помошни механизми во процесот на евроинтеграција.

- Промоција и поголема видливост на европските програми и на реализираните проекти.

## 1.9 ОСВРТ КОН ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023 ГОДИНА

**Уметничко творештво и дејности од областа на културата**

- Реализација на програми во услови на рамномерен културен развој на територијата на цела Република Северна Македонија преку поддршката на голем број проекти во рамките на Годишната програма на Министерството, преку реализација на традиционални манифестации.
- Локален културен развој – Во функција на дисперзија на културата и создавање општествен амбиент за поттикнување на креативноста на регионално и на локално ниво, Министерството перманентно реализира содржини во сите општини во РСМ. Целта на оваа мерка е подвижност на установите и достапност на културните содржини од поголеми урбани средини, пред сè, од главниот град во помалите центри, особено во руралните населени места.
- Поддржани проекти во рамките на манифестацијата „Град на културата за 2023 година“ со цел да се создадат услови за рамномерен културен развој и да се овозможи достапност на културните вредности за граѓаните, како и да се поттикне заживувањето на културата на локално ниво.
- Збогатување на културната понуда за лицата со посебни потреби – Тргнувајќи од начелото на рамноправна положба на сите граѓани и корисници на културните добра на РСМ, МК доследно го имплементира граѓанскиот концепт во културата. Правото на култура во однос на оваа категорија граѓани, Министерството го развива во два сегмента: достапност на културните вредности преку обезбедување технички пристап до културните настани и создавање предуслови за развој на нивното творештво преку развивање програми и проекти.

- Развивање навики за културна перцепција кај децата. Проектот предвидува реализација на циклуси на програмски содржини од сите уметнички дејности наменети за деца и младинци. Проектите се дел од програмите од национален интерес на Министерството и имаат едукативна и воспитна функција. Целта е тие да влијаат врз перцепцијата на младата публика со афинитети за учество во културниот живот.
- Активно учество на граѓанскиот сектор во културната програма на национално ниво.
- Одбележани јубилеи на значајни личности од областа на културата и уметноста во рамките на програмите од национален интерес.
- Поддржани стручни и дефицитарни кадри за додипломски и постдипломски студии што претежно ги нема во нашата земја, а се застапени на високообразовните установи и на факултетите во повеќе земји во светот, како и доделени средства за усовршување на стручните кадри со обуки во странство од областа на заштитата на културното наследство во рамките на Конкурсот за поддршка на стручно усовршување на дефицитарни кадри во областа на културата (дефицитарни кадри во уметностите и во заштитата на културното наследство) за 2024 година.

- Поддржани проекти на Конкурсот за учество во финансирање проекти за манифестацијата „Цртај на македонски јазик“ во 2023 година со цел да се обезбедат услови за создавање нови форми на културно изразување, во кои преку различни медиуми ќе се користи македонскиот јазик, а со кои ќе се збогати културната понуда.

Во рамките на програмите од национален интерес се реализираат и се поддржуваат: музички проекти, проекти од литература и издаваштво, драмски проекти, ликовни проекти, проекти на здруженија на граѓани во рамките на сите дејности на културата и меѓународни манифестации и интердисциплинарни проекти.

Во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2023 година, Министерството за култура поддржа вкупно 59 проекти кои беа содржани во годишните програми за работа на националните установи од областа на културата за 2023 година. Од вкупно одобрените проекти во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2023 година, реализирани се 52 проекта, а според тоа, фактичката реализација по број на проекти изнесува 88 %.

Финансиската реализација на проектите за 2023 година, заклучно со 28.12.2022 година, е во износ од 11.334.828,00 денари од вкупно договорените 15.064.097,00 денари, односно 75 % реализација.

Министерството за култура донесе Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2023 година бр. 50-1352/2 од 13.02.2023 година, (во понатамошниот текст: Годишна програма за инвестиции во културата).

Планираните финансиски средства за реализација на оваа програма беа обезбедени од Буџетот на Министерството за култура раздел 18010 – Финансирање на дејности од областа на културата, потпрограми 41, 49, 50, 84 и 85 од ставките 482 – други градежни работи. Во декември 2023 година е донесена Одлуката за прераспределба на средствата помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите бр. 08-6419/1 од 11.12.2023 („Службен весник на РСМ" бр. 264 од 13.12.2023 година) – ребаланс.

Со оваа програма, реализирани се вкупно 404.436.826,00 денари за предвидените проектни активности.

Во 2023 година, за реализација на капитални дотации во областа на културата, Министерството за култура има склучено договори со единиците на локалната самоуправа за реализација на средства во износ од 39.964.237,00 денари.

Овие договори се склучени во согласност со Програмата за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2023 година („Службен весник на РСМ" бр. 106/2023), донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија. Средствата за реализација на овие договори беа предвидени со Буџетот на Министерството за култура за 2023 година од Програма 84 – Одржување на објектите од областа на културата ставка 488 – капитални дотации до ЕЛС во износ од 40.000.000,00 денари. Со оваа програма се реализираа проектите за: реконструкција на ОУ „Димитар Ормански" и ревитализација на мултифункционален културен центар, с. Тресонче; санација на покривот и фасадата на Културниот центар во Валандово; набавка на монтажна бина во Крушево; изработка на проектно-техничка документација за реконструкција и адаптација на зградата на Националната установа Центар за култура Крива Паланка; изработка на проектно-техничка документација за изградба на Дом на културата на КП 149/32 и дел од КП 150/4 КО Чашка, Општина Чашка; адаптација со пренамена на мултифункционална сала за културни и други манифестации; реконструкција на влезот, влезниот хол и малата сала со сцена и галерија во Спомен-домот „АСНОМ" во Делчево; изградба на Дом на културата во с. Куклиш Струмица – втора фаза КП бр. 4480/1 во КО Куклиш, Струмица; набавка на еден подиум (бина) и шест дрвени изложбени штандови во Кратово.

## Издавачка дејност и литература

Во 2024 година на Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност беа поддржани 512 проекти, од кои 31 проект на национални установи од културата и 481 проект од други корисници. Заклучно со септември 2024 година, целосно беа реализирани 13 проекти на национални установи од културата, односно 43 % реализација, и 226 проекти од други корисници, односно 47 % реализација.

Во врска со Конкурсот за финансирање преводи на странски издавачи на репрезентативни и квалитетни дела од македонската книжевност на странски јазици во 2024 година, од почетокот на 2024 година па до крајот на септември се склучени 31 договор со странски издавачи, а буџетот по обврски на склучени договори изнесува 84 170 евра или 5.218.482,00 денари.

**Заштита на културното наследство**

Во рамките на Годишната програма од областа на заштитата на недвижното културно наследство (Програми 50 и 58) за 2023 година беа одобрени вкупно 140 проекти од кои, 122 проекти на 10 национални установи, 3 проекти на 2 локални музејски институции, 1 проект на друг буџетски корисник; 11 проекти од 11 правни субјекти и 3 проекти на 3 поединци – физички лица. Од нив, целосна или делумна реализација имаа вкупно 104 проекти на националните установи или 72.8%, додека 17 проекти се целосно реализирани на другите корисници или 96.4%, вкупната реализацијата на проектите е 73.5 % од сите одобрени проекти за 2023 година.

Во оваа област, и во 2023 година, вниманието беше насочено кон адекватната заштита на сакралните и на профаните споменици на културата, како и на откриените структури од археолошките истражувања. Во оваа смисла, заврши реализацијата на повеќегодишниот проект за Непосредна заштита: конзервација и реставрација санација и ревитализација на заштитено недвижно добро „Алим Бегова куќа“ во Тетово, и продолжи реализацијата на останатите повеќегодишните проекти: адаптацијата на објектот Св. Ѓорги/Мехмед Ефенди – Јени џамија во галериски простор; Конзерваторско-реставраторски работи на живописот од црквата Св.Богородица Болничка во Охрид, Конзервација на централната кула од северниот бедемски ѕид на северната половина на Цитаделата како и Доистражување на просторот од Самуиловата Тврдина /Цитедалата, со цел ревитализација на целиот простор заради целосна презентација и самоодржување.

Во рамките на Програмата за работа на Владата, предвидени беа шест проекти од областа заштитата на недвижното културно наследство: непосредната заштита на Аквадуктот во Скопје; Сарајот на Ахмед Нијази бег во Ресен; црквата Св. Богородица во Лешочкиот манастир во село Лешок -Тетово; конзервацијата на црквата „Св. Ѓорѓи“ во с. Курбиново, Ресенско и заштитата и конзервацијата на недвижното и движното културно наследство на Лазар Личеноски и Изработка на конзерваторски проект за реконструкција и адаптација на објектот на старото школо на КП.2524, КО Љубојно, општина Ресен.

Од другите проекти треба да се спомнат: конзервација и реставрација на црквата Св. Архангел Михаил и Св. Гаврил Лесновски-пустиножител во Лесновскиот манастир; Реализација на Основен проект за конзервација и реставрација т.н Владетелска палата на археолошкиот локалитет Градиште, с.Кнежје, Свети Николе или Билазора, Реализација на третата фаза на Основен проект за конзервација, реставрација и реконструкција на Стара џамија во село Равен, Општина Гостивар, Реализација на Основен проект за конзервација и реставрација на фасадите на објект на ул.,,Наум Наумовски Борче”бр.88 во Скопје.

Од проектите кои беа прогласени за културно наследство во опасност целосно се реализираше проектот за Непосредна заштита: реализација на Проект за конзервација и реставрација, препокривање на црквата Успение на Пресвета Богородица во манастирскиот комплекс Матејче, с.Матејче (Прва фаза).

Во рамките на Годишната програма за заштита на недвижното културно наследство, во соработка со територијално надлежните национални установи, за тековната 2023 година се реализираа проектите за заштитата и санацијата на спомениците од НОБ и Револуцијата. Се реализираа проектите за 6 (шест) спомениците кои имаат статус на заштитено културно наследство: Спомен костурницата на паднатите борци од НОВ во Куманово; Могилата на непобедените и Спомен-обележјето „Песјобрдце“ во Прилеп и Прилепско, Меморијалниот комплекс на паднатите борци на револуцијата во Штип; "Партизанските гробишта" во Бутел – Скопје и Спомен костурницата на паднатите борци од НОВ во Струмица. Во насока на прибирање релевантни показатели за состојбите со спомениците од НОБ, се изврши стручни увиди на териториите во надлежност на 2 (две) институции од областа на заштитата на културното наследство: НУ ЗЗСК и Музеј - Охрид и Битола.

Во рамките на Годишната програма во областа на заштитата на аудиовизуелните добра (Програма 81) во 2023 г. беа одобрени вкупно 5 проекти на НУ Кинотека на РСМ кои се делумно или целосно реализирани односно 92 % од вкупно одобрените проекти.

Како позначајни проекти се посочуваат: континуираните активности на заштита и чување на филмови, филмски и видео материјали и друга кинотечна граѓа; дигитализација на македонски филмови и изработка на ДВД изданија; преземање, прибирање, набавка и чување на филмови и филмски материјали, музејски експонати, пропаганден материјал и останата аудиовизуелна граѓа од институции од поединци од областа на кинематографијата и др. Исто така, продолжи востановената практика за тематски проекции на домашни и меѓународни филмски остварувања кои се прикажуваат во Кинотечното кино.

Во рамките на Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од областа на музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство беа поддржани **264 проекти** од областа на археологијата, етнологијата, историјата, историјата на уметноста, природонауката и
заштитата на нематеријалното културно наследство, и тоа:
**181 проекти** на национални установи, **25 проект** на локални музејски установи, **8 проекти** на други буџетски корисници, **43 проекти** на здруженија на граѓани и НВО и **7 проекти** на поединци - физички лица.
Од нив беа **реализирани 260 проекти,** односно 98.5 % од одобрените проекти во **2023** година.

Во програмата за 2023 година фокусот беше ставен на: систематските археолошки ископувања, природонаучните и етнолошките истражувања, каталогизацијата, непосредната конзервација на музејските предмети и заштитата на визуелната етнологија, откупот, воспоставувањето нови музејски поставки, гостувањата на повремени изложби, популаризацијата и презентацијата на нематеријалното културно наследство, како и дигитализацијата на духовното културно наследство.

**Приоритет** беше остварувањето на непосредната заштита на сите видови движно културно наследство, вклучително и валоризацијата и ревалоризацијата на движното и духовното културно наследство, обезбедувањето траен електронски запис и ефикасен пристап до документацијата за културното наследство и поттикнувањето на националните и на локалните установи за поголема соработка со граѓанскиот сектор и со организациите на лицата со попреченост.

На Годишниот конкурс за поддршка на проекти од национален интерес во културата од библиотечната дејност за 2023 година се поддржани вкупно 159 проекти, и тоа: **125 проекти** на национални библиотечни установи и други национални установи, **27 проекти** на 16 локални установи**, 6 проекти** на 5 здружение на граѓани и **1 проект** од едно физичко лице. Реализирани се сите проекти и искористени сите од вкупно одобрените средства за оваа година.

Основните и битни функции на секоја библиотека кои претставуваат и законска обврска се поддржуваа и во 2023 година. Како такви се: збогатувањето на книжниот фонд на библиотеките, континуираното функционирање на библиотечно-информацискиот систем КОБИСС.МК, стручното оспособување на библиотечен кадар, а за заштитата на целокупниот библиотечен материјал се опфатени сите мерки и постапки кои се преземаат да се спречи, одложи или намали оштетувањето на библиотечниот материјал.

**Најзначајни проекти** за 2023 година поддржани во рамките на Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес во Република Македонија подредени по области се следниве:

- Купување публикации;
- Мобилен информатички и комуникациски центар;
- Подготвување информации за националната издавачка продукција преку изработка и објавување на македонската тековна библиографија и други библиографии;
- Претплата на он-лајн електронски списанија и книги и оф-лајн информациски бази на податоци;
- Конзервација, реставрација и превентивна заштита на библиотечниот материјал;
- Континуирано функционирање на библиотечно-информацискиот систем КОБИСС.МК и основна функционалност на центарот НУБ-ВБМ;
- Стручно оспособување на библиотечен кадар;
- Проекти за лица со посебни потреби;
- Проекти наменети за деца и
- Активности за популаризација на книгите.

Збогатувањето на книжниот фонд и натаму останува една од основните и битни функции на секоја библиотека. Тоа се претежно изданија преку кои се следи македонската тековна издавачка продукција и по нивната обработка се ставаат на јавен достап и нивно користење. Се купуваат македонски публикации за меѓународна размена преку кои, на меѓународната јавност, перманентно и се

презентира и и се става на достап книжната или поинаку публикувана продукција. На овој начин македонската издавачка продукција е застапена во голем број светски библиотеки, универзитетски, славистички и научни центри.

За да дојде книгата до читателите во најтешко достапните места во нашата држава Министерството поддржува и подвижни библиотеки. Даде поддршка на одржувањето на мобилниот информатички и комуникациски центар - ИНФОБУС, кој успешно опслужува 18 населени места во Општината Штип. Во овие места живее различно етничко население.

Македонската тековна библиографија има цел да ја презентира издавачката продукција на монографски публикации, статии и прилози и сериски публикации издадени во Република Македонија. Светските од сериите од Македонската тековна библиографија се дистрибуираат до библиотеките во Република Северна Македонија и до сто дваесет светски библиотеки, со што се афирмираат македонските културни и научни достигнувања.

Унапредување на информациските услуги во квалитативна и квантитативна смисла, нивно промовирање, презентирање, како и пребарување од корисници кои се дел од научната и културна јавност во земјата и странство. Со средствата одвоени за оваа намена се овозможува достап до електронски списанија, електронски книги, документи, мапи фотографии и други материјали.

За заштитата на целокупниот библиотечен материјал се опфатени сите мерки и постапки кои се преземаат да се спречи, одложи или намали оштетувањето на библиотечниот материјал, книжниот фонд, македонскиот задолжителен архивски примерок, заштита на старите ракописи, старопечатените и ретки книги.

За обучување на стручен кадар за користење на информатичката опрема и работата со КОБИСС програмата во НУ Националната и универзитетска библиотека ,,Св.Климент Охридски" - Скопје се одржуваат курсеви и обуки за едукација и стручно оспособување на постојниот библиотечен кадар од сите национални, јавни и библиотеки во установи кои не се од културата.

Проектите наменети за неподвижни и изнемоштени лица кои за жал се наоѓаат во подредена состојба, изолација и недостаток на сериозен пристап за овозможување на нивната ресоцијализација и вклучување во нормалниот живот. Со овие проекти се допринесува во поголема интеграција на овие лица во општеството, а со самото тоа ќе се промени и содржината на секојдневието на оваа категорија на граѓани кон кои општеството има обврска да сториме нешто повеќе.

Во голем број се и проекти кои се наменети за помладата популација на општеството – за деца. Целта е привлекување и анимирање на овој вид население преку афирмација и популаризација на библиотеката.

Промовирањето и презентирањето на тековната книжна продукција, на новооткупените книги беа присутни речиси во секоја библиотечна установа во Република Македонија. Поточно, поддржани се сите библиотечни установи кои доставиле пријави за финансирање на вакви проекти.

**<u>Меѓународна културна соработка</u>**

**Билатерална соработка**

Најголемата поддршка во насока на промоција и афирмација на културните вредности на Република Северна Македонија во меѓународни рамки, Министерството за култура и туризам ја обезбедува преку Годишните конкурси за поддршка на проекти од национален интерес во културата. Во таа смисла, во рамките на Годишниот конкурс за меѓународна дејност во 2023 година беа поддржани 254 проекти, од кои беа реализирани 243 проекти (96 % реализација), 98 % од одобрените проекти во програмата 90 (билатерална, мултилатерална соработка) и 88 % во програмата 93, центри во странство. Исто така, беа поддржани 62 проекта на националните институции од областа на културата во делот на меѓународната дејност (реализирани се 57 проекти) во програма 90 и 1 проект во програмата 93, центри во странство (реализиран 1 проект). Министерството за култура поддржа и 13 проекти кои беа предлог на директорите на културно-информативните центри во странство (се реализираа сите 13 проекти).

Заложбите на Министерството за култура и во 2023 година беа да се поддржат квалитетни и иновативни проекти, проекти во кои се вклучени етаблирани автори и репродуктивни уметници, проекти кои се во функција на промоција и афирмација на младите талентирани уметници, кои се резултат на копродукциска соработка или соработка со меѓународни субјекти од областа на културата, проекти што ќе се реализираат во земјите претседавачи со ЕУ, во градовите европски престолнини на културата, проекти кои се однесуваат на соработката со меѓународните организации. Во таа насока, од поголемите претставувања во 2023 година се издвоија: настапите на Драмскиот театар од Скопје во Љубљана, во Подгорица, во Белград и во Сараево во рамките на Регионалната унија на театри РУТА; гостувањето на Националната филхармонија во Дубровник; реципрочното гостување на Националната опера и балет во Белград; претставувањата на Ансамблот за народни песни и игри „Танец“ во Србија и во Бугарија и на Ансамблот на албански ора и песни во Косово, Албанија, Хрватска, Црна Гора и во Србија. Од реализираните проекти на другите корисници, вниманието на јавноста во регионот го привлекоа: настапите на ансамблот „Профундис“; концертите на: Дино Имери, Арда Мустафаоглу, Ева Богоевска, групата „Баклава“, дуетот „Скупи“; настапите на културно-уметничките друштва: „Дримкол“, „Илинден“, „Вапцаров“, „Емин Дураку“, „Ибе Паликуќа“; изложбите на: Решат Амети, Башким Меџити, Тони Васиќ, Сергеј Андреевски и др.

Традиционално се одржа и манифестацијата „Македонско културно лето во Корча и во Пустец“, а се реализираа и активностите на Македонско-хрватското друштво „Марко Марулиќ“. Меѓународната соработка со земјите од регионот беше особено изразена преку реализацијата на двете изложби: „Сребрена Тракија“ во Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија и „105 години Требениште“ во Националниот археолошки институт и музеј при Бугарската академија на науките во Софија, а со посебно внимание треба да се издвои и изложбата на Музејот на современата уметност од Скопје, „Ниту едно чувство не е конечно“, која беше претставена во престижниот простор на „Кунстхале“ (Kunsthalle) во Виена.

**Меѓународни документи, спогодби и програми за соработка**

Министерството за култура континуирано ја остварува билатералната соработка со другите земји и врз основа на меѓународни документи, спогодби и програми, кои се правна рамка за институционално поврзување на државите. Во текот на 2023 година се вршеше усогласување на текстовите на билатералните документи со: Република Косово, Република Грција, Република Австрија, Соединетите Мексикански Држави, Обединетите Арапски Емирати, Индија и др. Во текот на годината беа потпишани спогодби/договори со Црна Гора, со Република Турција, а беше процесуиран и Договорот за соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија за враќање на незаконски изнесени икони во земјата на потекло врз чија основа во декември 2023 година, 20 икони беа преземени во нашата држава. Ова беше историски чин имајќи го предвид фактот дека процесот на реституција започна уште во 2013 година и е редок пример за завршена и процесуирана постапка во регионот и пошироко.

Во 2023 година се одбележа 30-годишнината од воспоставувањето на билатералните односи со Обединетото Кралство, во чии рамки се реализираше претставување на македонското современо музичко творештво преку концертот на пијанистот Дино Имери и хрватскиот пијанист Ведран Јањанин.

**Учества на меѓународни настани, традиционални манифестации, комплексни претставувања**

Република Северна Македонија континуирано партиципира на светски етаблираните културни настани од типот на Биеналето на ликовната уметност и на архитектурата во Венеција. Во таа смисла, нашата држава на оваа престижна манифестација во 2023 година беше претставена преку проектот „Лабораторија од минатото за иднината: Приказни за летната школа за архитектура во манастирот Св. Јоаким Осоговски 1992 – 2017“ (комесар: Национална галерија на Република Северна Македонија), кој беше проследен со големо внимание од културната јавност и од посетителите на Биеналето.

Во контекст на континуираното присуство на Република Северна Македонија во светските метрополи, треба да се спомене и одржувањето на традиционалната манифестација „Македонија во чест на Св. Кирил во Рим“, која се реализира веќе пет децении. Во 2023 година во рамките на манифестацијата беше реализиран концерт на младите талентирани музичари Магдалена Дрмач – виолончело и Гоце Златев – пијано.

Со оглед на фактот што Република Северна Македонија партиципира во иницијативата „Отворен Балкан“, во Српскиот културен центар во Париз беше реализирана и изложба на уметници од сите три држави учеснички во иницијативата, во чии рамки се претстави македонската авторка Кристина Пулејкова.

**Саеми на книгата**

Република Северна Македонија со исклучително внимание настојува да ги претстави своите книжевни, преведувачки и издавачки достигнувања на светските книжевни настани. Во 2023 година, во рамките на Конкурсот за меѓународна дејност, беше поддржано учеството на саемите на книгата во Лајпциг и во Истанбул преку проектите на НУБ „Св. Климент Охридски“ од Битола и на Новинско-издавачкото друштво „Шкупи“ Дооел. На овие саеми акцентот беше ставен на творештвото на актуелните автори чии дела веќе се преведуваат и на други странски јазици.

**Културно-информативни центри во странство**

Министерството за култура, преку своите годишни програми, континуирано поддржува и проектиштo се реализираат во културно-информативните центри во странство и овозможуваат претставувања на творештвото на авторите од Република Северна Македонија и на репродуктивните уметници, како и збогатување на нивните искуства и контакти.

Во изминатите години се зголеми интересот за отворање нови центри. Во таа смисла, во 2023 година Собранието на Република Северна Македонија го ратификува Договорот меѓу Република Северна Македонија и Република Србија за отворање културно-информативни центри во двете држави, по што се очекува спроведување на процедурите за нивно отворање.

Програмата на центрите во 2023 година, со мали исклучоци, беше комплетно реализирана. Пред странската јавност во Њујорк, Софија, Тирана, Истанбул и во Загреб се претставија уметниците: Стојан Димов, Лек Груби, Ѓорѓи Цуцковски, авторите Владимир Темков, Исмет Рамиќевиќ, хорот „Менада“, Друштвото за издавачка дејност „Макавеј“ и др.

Повеќе години Министерството за култура на Република Северна Македонија на годишно ниво поддржува и двомесечен престој на 6 македонски уметници во македонското ателје при Меѓународниот град на уметностите во Париз.

Овој престој е убава можност за уметниците од нашата земја да соработуваат со своите колеги од светот и да реализираат изложби во овој реномиран културен простор. Во 2023 година беше реализиран престој на неколку уметници во Париз, меѓу кои: Јана Манева Чуповска, Петра Јовановска Ристовска, Јана Луловска и Сашо Блажевски.

**Мултилатерална соработка**

Што се однесува на мултилатералната соработка, Министерството за култура, во чии рамки дејствува Националната комисија за УНЕСКО, во 2023 година беше вклучено во проекти и иницијативи на Организацијата.

Во оваа насока треба да се истакне дека особено внимание беше посветено на активностите што се однесуваат на состојбата со заштитата на „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион“, добро впишано на Листата на УНЕСКО за светско наследство. Ажурираниот Извештај за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот

Регион, со Стратегискиот план за рехабилитација на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2023 – 2030), како негов составен дел, беа усвоени од страна на Владата на Република Северна Македонија и со интергираниот дел од извештајот кој се однесува на реализираните активности од страна на надлежните институции од Република Албанија, како заеднички официјален документ на двете држави, беше доставен до Центарот за светско наследство на УНЕСКО.

Врз основа на Извештајот за напредокот, како и врз основа на други сознанија што Центарот за светско наследство на УНЕСКО ги добива од други страни различни од државата членка, на 45. сесија на Комитетот за светско наследство на УНЕСКО, која се одржа од 10 до 25 септември 2023 година во Ријад, Кралство Саудиска Арабија, на која присуствуваше делегација предводена од министерот за култура и претседател на Националната комисија за УНЕСКО, беше донесена одлука со која беа поздравени напорите што ги прават државите членки со цел намалување на факторите кои негативно влијаат врз исклучителната универзална вредност на регионот и во таа смисла не беше предложено впишување на Охридскиот Регион на Листата на светско наследство во опасност.

Во 2023 година, Министерството за култура на Република Северна Македонија, во координација со Министерството за култура и туризам на Република Турција, до УНЕСКО го достави мултинационалното досие „Традиционалната изработка и свирење на гајда" за впишување на Листата на УНЕСКО за нематеријално културно наследство на човештвото во 2024 година.

Во рамките на повеќегодишниот проект за повторно воспоставување заедничка постојана поставка во блокот 17 на Државниот музеј Аушвиц-Биркенау државите сукцесори, со поддршка од Регионалното биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа, го усогласија текстот на Договорот за финансирање на оваа активност.

На 21 март 2023 година, по повод Светскиот ден на поезијата, во седиштето на УНЕСКО во Париз, Франција, беше реализиран Меѓународен колоквиум, што МАНУ го организираше во соработка со Фондацијата „Ацо Шопов – Поезија". Колоквиумот беше проследен со поетскиот перформанс „Долго доаѓање на огнот" и придружен со изложбата „Патот по кој чекорам", на која беа прикажани животот и делото на Ацо Шопов. На настаните беа вклучени учесници од повеќе држави од целиот свет, а беа проследени од дипломатскиот кор во УНЕСКО и многубројни гости.

Симпозиумот беше дел од Националната програма „2023 – Година во чест на Ацо Шопов" и беше отворен од страна на генералниот директор на УНЕСКО, г-ѓа Одре Азуле. На настанот беа објавени и добитниците на наградите на фестивалот „Струшки вечери на поезијата": *Златниот венец* и *Мостовите на Струга* за млад поет, која се доделува во партнерство на УНЕСКО.

На почетокот на годината беа организирани информативни сесии за проектот „Култура и креативност за Западен Балкан" финансиран од Европската Унија, имплементиран од УНЕСКО, Британскиот совет и Италијанската агенција за развојна соработка, чија цел е да се поттикне меѓукултурниот дијалог во Западен Балкан преку зајакнување на културните и креативните сектори.

Од активностите со Организацијата во 2023 година, се издвојува и формирањето на Катедрата на УНЕСКО за писменоста за иднината и за медиумската и информатичката писменост на Институтот за комуникациски студии од Скопје, во рамките на Мрежата на УНЕСКО на катедри (UNITWIN), како и обновувањето на Катедрата за интеркултурни студии и истражување при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, која беше формирана во 2014 година.

На Повикот на УНЕСКО за финансирање проекти од Меѓународниот фонд за културната разноликост за 2023 година, од страна на нашата држава беа поднесени 4 проекти, и тоа: „Премостување на јазот: вештини за мапирање и градење капацитети за македонската индустрија за развој на игри“ – Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје; „Откривање на културната таписерија: Дигитализирање и преведување на наследството за разновидно утре“ – НУ Конзерваторски центар – Гостивар; „Мапирање и унапредување на потенцијалот на културните и креативните индустрии“ – Унија на македонски здруженија за креативни индустрии – Скопје; „Проект за млади во однос на културното зајакнување и разновидноста“ – Македонски центар за граѓанско образование – Скопје.

Во рамките на членувањето во Меѓународната фондација „Форум на словенски култури“, во 2023 година, како една од земјите основачи, обезбедивме средства за котизација, но се вклучивме и во иницијативите и активностите на оваа еминентна организација. Наши претставници и експерти учествуваа на 9. доделување на наградата „Жива“ за најдобар музеј од словенските држави, што се одржа во Братислава, Словачка, на колоквиумот во Пиран, музејската работилница за споделување добри практики во Љубљана, Словенија и др.

НУ Завод и музеј – Битола, во соработка со Форумот на словенските култури, одржа работилница „Музеите кои значат – Постојани музејски поставки и работа со посетители“, на која учествуваа стручни лица од голем број македонски музеи, а предавачи беа Андреја Рихтер, директор на Форумот на словенски култури, и Масимо Негри, научен директор на „Европската музејска академија“.

Како и секоја година, за членувањето во меѓународните организации во кои партиципираме како држава преку своите институции, здруженија и експерти од областа на културата и кои се со консултативен статус при УНЕСКО и други меѓународни организации, Министерството за култура во 2023 година обезбеди финансиска поддршка за покривање на трошоците за годишните котизации/членство и за реализација на одредени активности во рамките на соодветните меѓународни организации (ИКОМ, ИКОМОС, АИКА, ИССН, ИФЛА, АЦЕ, ФИАФ, ЦИОФФ).

Во текот на 2023 година продолжија и активностите кои се дел од Акцискиот план, кој е во состав на Договорот за стратешко партнерство со САД од 2022 година. Во таа смисла, беше направена анкета за интересот за дошколување на млади талентирани музичари на „Manhattan School od Music“ (на Факултетот за музичка уметност – Скопје, Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски-Луј“, Музичкото училиште во Битола и Факултетот за музичка уметност – Штип), беше воспоставен контакт со Музејот „Смитсонијан“ (Smithsonian museums) за реализација на изложбата на графичките икони во 2025

година, како и контакт со Музејот на уметноста „Метрополитен“ (Metropolitan museum of art) каде што се испратени материјали за музеите од Република Северна Македонија.

## Интегрирање во Европската Унија во областа на културата

Секторот за европски интеграции во текот на 2023 година реализираше низа активности кои дадоа континуитет во исполнувањето на нашите поставени цели и приоритети.

Почетокот на 2023 година ја одбележа подготовката на Презентациите за македонската културна политика и нејзината усогласеност со политиките и практиките на Европската Унија, кои беа елаборирани пред Европската комисија на билатераленот скрининг состанок за Поглавје 3.26, Кластер 6, од страна на Одделението за Креативна Европа – потпрограма Култура. Во периодот од февруари до мај работната група работеше и на подготовка на одговори на прашањата што беа добиени од Европската комисија.

Усогласувањето и усвојувањето на правото на ЕУ продолжија и во 2023 година. На квартално ниво се реализирани активности во насока на планирање, подготовка, следење и известување за имплементацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија (НПАА) за Поглавје 26 и ажурирање на матрицата, за што до Министерството за образование беа доставувани квартални извештаи за реализирани активности (тековна состојба, краткорочни и среднорочни приоритети) кои се однесуваа на законодавството, програмата „Креативна Европа“, УНЕСКО, Меѓународната конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изрази и Охридскиот Регион и Креативните индустрии.

Дополнително, на барање од Секретаријатот за европски прашања, Министерството за култура достави ажуриран придонес кон извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија, кој се однесуваше на следниве области од културата:

1. Имплементација на стратегијата на Министерството за култура
2. Меѓународна конвенција на УНЕСКО за заштита и унапредување на различноста на културните изрази
3. Креативна Европа (КУЛТУРА И МЕДИА).

Исто така, во јуни 2023 година до Секретаријатот за европски прашања беше доставен писмен материјал за подготовка на Министерството за култура за учество на Деветнаесеттиот поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална

политика, што се одржа на 21.9.2023 година. Истиот материјал, на англиски јазик, беше доставен до Секретаријатот за европски прашања во август 2023 година. Материјалот за Поткомитетот опфаќаше информации за:

1. Креативна Европа и МЕДИА
2. Законодавство
3. Заштита на културно наследство, старите чаршии.

Во однос на користењето на Инструментот за претпристапна помош ИПА, во 2023 година продолживме со националното кофинансирање на проектот „Конзервација и ревитализација на културно-туристичкиот комплекс Св. Ѓорѓи – Старо Нагоричане“, за кој Министерството за култура, во согласност со ревидираниот Динамичен и финансиски план бр. 08-32/2 од 31.01.2023 година на НУ Национален конзерваторски центар – Скопје, за периодот 2022 – 2024 година, обезбеди 16.350.000,00 денари распределени по годишни фази, и тоа: за 2023 година – износ во висина од 9.150.000,00 денари, а за 2024 година се предвидени 7.200.000,00 денари.

Во рамките на Годишниот конкурс на Министерството за култура за финансирање програми и проекти од национален интерес во културата за 2023 година, одобрени се финансиски средства за поддржување вкупно 8 проекти од областа на европските интеграции, на 5 национални установи.

Претставници од Секторот за европски интеграции, како членови на комисиите за следење на програмите за прекугранична соработка на Република Северна Македонија со соседните земји (Р Грција, Р Бугарија, Р Албанија, Р Косово и Р Србија), редовно ги следеа овие програми и доставуваа коментари и забелешки во однос на процедурите, но и активно учествуваа на состаноците одржани во текот на 2023 година. Исто така, претставник од Секторот за европски интеграции, како член/заменик-член, учествуваше на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД-програмата 2014 – 2020, кој се одржа на 29 март 2023 година во Струмица.

Во рамките на програмата „Креативна Европа на ЕУ“ 2021 – 2027, од 1 јануари 2023 година почна да се спроведува двогодишниот меѓународен „Грант договор бр. 101101834 – CED МК“ (2023 – 2024) склучен меѓу Извршната агенција за образование и култура, Министерството за култура и Агенцијата за филм. Во согласност со преземените обврски за учество на Република Северна Македонија во програмата „Креативна Европа“, беше реализирана уплатата за контрибуција – влезниот билет за 2022 година, односно за учество на нашата држава во потпрограмата „Култура“.

Во рамките на повиците за аплицирање за 2023 година од актуелната програма „Креативна Европа 2021 – 2027“, во согласност со објавените официјални резултати за категоријата „Проекти за европска соработка“ во рамките на потпрограмата

„Култура“, поднесени се 46 апликации во кои учествуваат македонски културни оператори, а се поддржани 21 проект со одобрен ЕУ-грант од вкупно 431.184,30 евра. За категоријата „Циркулација на европски книжевни дела“, финансиската поддршка од ЕУ изнесува приближно 590.000,00 евра, која е наменета за 9 проекти на 10 македонски организации, додека, пак, во Интерсекторската програмска линија се поддржани 2 проекта со ЕУ-грант од вкупно 142.633,00 евра.

Во 2023 година Канцеларијата за Креативна Европа – потпрограма Култура ги реализираше следниве оперативни и програмски активности:

(1) Организација на 5 информативни сесии во: Скопје, Гостивар, Тетово, Велес и Штип (24 – 27 јануари 2023 г.), за потпрограмата Култура и двете категории: Проекти за соработка и Циркулација на европски книжевни дела.

(2) Организација на „Транснационален и вмрежувачки настан за можностите на Креативна Европа – Култура во 2024 година“.

(3) Техничка помош за заинтересираните потенцијални апликанти за повиците за аплицирање за категоријата Прокети за соработка и Циркулација на европски книжевни дела.

(4) Промоција на поддржани проекти во рамките на програмата Креативна Европа – потпрограма Култура.

(5) Медиумска промоција на програмата, актуелните повици, успешните проекти преку електронските медиуми, веб-страницата и фејсбук-профилот на Министерството за култура.

(6) Учество на состаноци на мрежата на Креативна Европа и следење различни тренинзи и вебинари преку платформата Тимс.

(7) Индивидуални консултации со заинтересирани потенцијални апликанти.

(8) Подготовка на податоци за нова веб-страница на Канцеларијата со други дополнителни алатки.

(9) Активности поврзани со механизмот на кофинансирање на поддржаните проекти од потпрограмата Култура и негово редизајнирање во согласност со критериумите на новата, односно актуелната програма на ЕУ.

Соработката со Советот на Европа активно продолжи и во 2023 година. Претставници од Секторот за европски интеграции редовно учествуваат на состаноци на Управувачкиот комитет за култура, наследство и предел (CDCPP) на Советот на Европа и на други настани поврзани со програмата „Културни рути“ на Советот на Европа каде што се разгледуваат и можностите за конкретна соработка во сферата на културата со цел развој на културниот туризам и општиот економски развој на државата. Со цел учество на македонските субјекти во Културните рути, и во 2023 година Министерството за култура навремено ги намири обврските за уплата за влезниот билет за Програмата за културните рути, во вкупен износ од 8.520,87 евра.

**<u>Родово одговорно буџетирање</u>**

Во однос на учеството во проекти поддржани преку Годишните конкурси на Министерството за култура по одделни дејности, за да се добијат точни информации од аспект на родова статистика во поглед на застапеноста на жените и на мажите, се води статистика за бројот на жени и на мажи што се носители на проекти. Со цел добивање точна слика за родовата застапеност на носителите на проектите, Министерството за култура и туризам, почнувајќи од 2021 година, во конкурсните формулари за дејностите што се финансираат со Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата, воведе графа во која подносителот на проектите треба да наведе број на мажи/жени кои аплицираат, како и за учесниците/авторите во проектите.

**Очекувани резултати од програмата**

– Зголемување на бројот на поддржани изданија од авторки, преведувачки или уреднички на списанија.
– Промовирани домашни авторки на македонска книжевност.
– Промовирани странски авторки преку преведени и издадени дела во Република Северна Македонија.
– Промовирани дела од домашни авторки издадени во други земји и преведени на странски јазик.
– Родовите прашања се повидливи во поддржаните културни настани во областа на издаваштвото.

**Надворешни показатели**

– Број на поддржани книги од авторки (писателки), преведувачки и уреднички на книжевни изданија.
– Број на поддржани изданија што обработуваат теми од областа на родовите прашања, родот и родовите политики во културата и во општеството.
– Број на поддржани и реализирани настани што ја опфаќаат литературата/книжевноста, што се фокусираат на родот и родовите идентитети.

Предложените интервенции од страна на Министерството за култура и туризам се во насока на поттикнување зголемено учество на жени во проекти од културата со акцент на литературата/книжевноста, како и промоција на проекти чија цел е да ги обработат родовите прашања и родовите политики во општеството, прашањето за еднаквоста на жените наспроти мажите. Родовата нееднаквост во областа на културата може да се намали со директно стимулирање и финансирање проекти што ја истражуваат позицијата на жената и на мажот во историјата, но и проекти од областа на создавање тековно творештво и современа уметност, како и истражувања во културата, кои критички ги обработуваат социјалните, етичките, естетските и други аспекти во општеството од областа на родовите политики, позицијата на жените и на мажите, но и на маргинализираните групи и сексуалните малцинства.

Родовата нееднаквост може да се намали и со финансирање проекти чиишто подносители, автори, се жени, но и проекти што треба да ги истражуваат условите поради кои жените немаат еднакви можности со мажите да се изразат/искажат во областа на културата.

**Поврзаност на програмата со Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027**

Програмата е поврзана со Нацрт-стратегијата за родова еднаквост (2021 – 2026), која е во собраниска процедура за усвојување, и тоа во согласност со Специфична цел од Стратегијата:

-Унапредување на родовата еднаквост во културата, со која се очекува од Министерството за култура да постигне зголемено учество на жени во проектите за култура и воведување родова статистика за носителите на проекти, поспецифично, очекуван резултат.

- Родовите прашања да бидат повидливи во културните настани.
- Промовирани авторки во македонска книжевност и преведени дела од странски авторки.

Министерството за култура и туризам својата програма ја формира врз база на распишани конкурси, во согласност со одредбите од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18). Така, во 2023 година во Буџетот на Министерството средствата се распределуваа врза база на распишани Годишни конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2023 година по дејности и области, со кои се финансираат проекти и програми од национален интерес на националните установи од областа на културата, на физички и на правни лица, а под правни лица се подразбираат установи од областа на културата (локални или приватни), здруженија, сојузи, асоцијации, трговски друштва, трговци поединци и слично, регистрирани во Република Северна Македонија за дејности од областа на културата. На конкурсите беа финансирани проекти во следниве дејности и области:

– заштита на културното наследство (музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство, библиотечна дејност, заштита на недвижно културно наследство и заштита на аудиовизуелни добра);
– визуелни уметности, архитектура и дизајн;
– музичка и музичко-сценска дејност и фолклор;
– драмска дејност;
– литература и издавачка дејност;
– меѓународна соработка;
– интердисциплинарни проекти.

Во рамките на Буџетот на Министерството за 2023 година, како и во програмата што се добива врз основа на објавените конкурси, не се одвојуваат наменски и директни буџетски средства за програми што се родовосензитивни, меѓутоа во конкурсните критеруми содржани во Годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделени дејности и области во културата за 2023 година, кај поголемиот број од дејностите и областите е воведен општ приоритет за вреднување на проектите, односно дека тие може да бидат „Проекти наменети за лица со посебни потреби или лица од социјално ранливи категории или маргинализирани групи и сл.“.

Оваа програма е остварување на дел од стратегиските насоки и приоритети зададени во Националната стратегија, независниот културен сектор, како еден од клучните фактори во создавањето на новите модели на практикување на културата. Исто така, независниот сектор има влијание врз критичкото промислување на културата и во евалуацијата на одлучувачките процеси во културните политики. Европските културни практики говорат за клучно учество на независниот културен сектор во сите сегменти во културата на локално и на централно ниво. Целта е културната и уметничката продукција да се етаблираат како неодминлив сегмент преку кој граѓанинот ќе може да го преобликува општеството. Според својата организациска и содржинска структура, независниот културен сектор може да го трасира ваквиот пат на градење културна политика втемелена врз принципите на демократизација, демонополизација, децентрализација и творечка автономија.

Во програмата за *Интердисциплинарни проекти* се опфаќаат проекти во кои се директно вклучени и родовите политики, и тоа родовите принципи.

Во пријавата за *Интердисциплинарни проекти*, која содржи две (2) категории проекти: *Интердисциплинарни* и *Нови модели на јавни простори во културата*, наведено е дека може да се аплицира за Интердисциплинарни проекти, категорија 1, точка 1.1 Подготовка и реализирање на проекти кои содржат активности од различни области на уметноста или интеракција на активности од областа на уметноста и од други дејности, како, на пример: уметност и наука, уметност и технологија, уметност и родови политики, уметност и образование итн., а како приоритети се дадени:

1. проекти кои поттикнуваат учество на млади уметници од Република Северна Македонија;
2. проекти кои поттикнуваат интеркултурен дијалог;
3. проекти кои применуваат алтернативни, гранични и експериментални уметнички изрази;
4. проекти наменети за лица со посебни потреби или за социјално ранливи категории и сл.;
5. проекти кои работат на развој, управување и тестирање на нови модели на јавни простори и културни содржини кои одговараат на потребите на современата културно-уметничка сцена и во поширок контекст се општествено релевантни за заедницата;
6. проекти кои стимулираат интерсекторско поврзување меѓу јавниот и независниот културен сектор.

Оваа категорија проекти се финансира од Програмата 72 – Трансдисциплинарни проекти, а се води преку Одделението за креативни индустрии и интердисциплинарни проекти, Сектор за дејности од областа на културата и уметноста.

Родовата нееднаквост во областа на културата може да се намали со директно стимулирање и финансирање проекти што ја истражуваат позицијата на жената и на мажот во историјата, но и проекти од областа на создавање тековно творештво и современа уметност, како и истражувања во културата, кои критички ги обработуваат социјалните, етичките, естетските и други аспекти во општеството од областа на родовите политики, позицијата на жените и на мажите, но и на маргинализираните групи, трансродовите лица и сексуалните малцинства. Родовата нееднаквост може да се намали и со финансирање проекти чии подносители и автори се жени, но и проекти што треба да ги истражуваат условите поради кои жените немаат еднакви можности со мажите да се изразат во културата, со цел овие пречки да бидат отстранети преку обезбедување институционална или финансиска поддршка и слично.

Преку воведување на финансирањето проекти што се однесуваат на ранливите категории (лица со посебни потреби или социјално ранливи категории или маргинализирани групи и слично) во општите конкурсни критериуми, како и со воведувањето на родовите политики како посебна тематска целина во Конкурсот за финансирање проекти од национален интерес за 2023 година и интердисциплинарните проекти, директно се стимулира поддршка на родовите политики и еднаквите можности како категорија во програмите на Министерството за култура и туризам. Родовиот принцип и досега индиректно бил вклучен во програмите на Министерството од аспект на поддршка на голем број жени уметници и творци и проекти на стручни лица во дејностите од културата, но и од аспект на обработени теми во областа на заштитата на материјалното и нематеријалното културно наследство од историска перспектива.

Министерството за култура и туризам, преку родово-буџетската анализа, прави обид да ги интегрира родовите аспекти во програмите од областа на културата со цел да го придвижи намалувањето на родовиот јаз и редефинирањето на улогата на жената во македонската култура и уметничка историја. Ваквите определби се во согласност со напорите на Владата на Република Северна Македонија да ја унапреди еднаквоста на жените и мажите и да промовира вредности со кои ќе се намалат стереотипите и да се поттикне еднаквоста во сите сфери на општественото живеење.

## ОСВРТ КОН ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА

### <u>Уметничко творештво и дејности од областа на културата</u>

- Реализација на програми во услови на рамномерен културен развој на територијата на цела Република Северна Македонија преку поддршката на голем број проекти во рамките на Годишната програма на Министерството, преку реализација на традиционални манифестации.
- Локален културен развој – Во функција на дисперзија на културата и создавање општествен амбиент за поттикнување на креативноста на регионално и на локално ниво, Министерството перманентно реализира содржини во сите општини во РСМ. Целта на оваа мерка е подвижност на установите и достапност на културните содржини од поголеми урбани средини, пред сè, од главниот град во помалите центри, особено во руралните населени места.
- Поддржани проекти во рамките на манифестацијата „Град на културата за 2024 година" со цел да се создадат услови за рамномерен културен развој и да се овозможи достапност на културните вредности за граѓаните, како и да се поттикне заживувањето на културата на локално ниво.
- Збогатување на културната понуда на лицата со посебни потреби – Тргнувајќи од начелото на рамноправна положба на сите граѓани и корисници на културните добра на РСМ, Министерството за култура и туризам доследно го имплементира граѓанскиот концепт во културата. Правото на култура во однос на оваа категорија граѓани, Министерството го развива во два сегмента: достапност на културните вредности преку обезбедување технички пристап до културните настани и создавање предуслови за развој на нивното творештво преку развивање програми и проекти.
- Развивање навики за културна перцепција кај децата. Проектот предвидува реализација на циклуси на програмски содржини од сите уметнички дејности наменети за децата и младинци. Проектите се дел од програмите од национален интерес на Министерството и имаат едукативна и воспитна функција. Целта е тие да влијаат врз перцепцијата на младата публика со афинитети за учество во културниот живот.
- Активно учество на граѓанскиот сектор во културната програма на национално ниво.
- Одбележани јубилеи на значајни личности од областа на културата и уметноста во рамките на програмите од национален интерес.
- Поддржани стручни и дефицитарни кадри на додипломски и постдипломски студии што претежно ги нема во нашата земја, а се застапени на високообразовните установи и на факултетите во повеќе земји во светот, како и поддржани стручни кадри за нивно усовршување со обуки во странство од областа на заштитата на културното наследство во рамките на Конкурсот за поддршка на стручно усовршување на дефицитарни кадри во областа на културата (дефицитарни кадри во уметностите и во заштитата на културното наследство) за 2024 година.
- Поддржани самостојни уметници кои ја остваруваат и ја промовираат културата во земјава и во странство на кои Министерството им ги исплатува персоналниот данок, пензиското осигурување и здравственото осигурување.

- Поддржани проекти на Конкурсот за учество во финансирање проекти за манифестацијата „Цртај на македонски јазик" во 2024 година, со цел да се обезбедат услови за создавање нови форми на културно изразување во кои преку различни медиуми ќе се користи македонскиот јазик, а со кои ќе се раздвижи културната понуда.

Во рамките на програмите од национален интерес се реализираат и се поддржуваат: музички проекти, проекти од литература и издаваштво, драмски проекти, ликовни проекти, проекти на здруженија на граѓани во рамките на сите дејности од областа на културата и меѓународни манифестации и интердисциплинарни проекти.

## 1. Инвестициско и тековно одржување во објектите од областа на културата

Во делот на инвестициско одржување и набавка на опрема за националните установи за 2024 година, Министерството поддржа вкупно 36 национални установи со 48 проекти кои беа содржани во годишните програми за работа на националните установи од областа на културата за 2024 година со финансиски средства во износ од 11.689.538,00 денари.

Министерството за култура донесе Програма за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2024 година бр. 50-372/1 од 11.01.2024 година, (во понатамошниот текст: Годишна програма за инвестиции во културата).

Планираните финансиски средства за реализација на оваа програма беа обезбедени од Буџетот на Министерството за култура раздел 18010 – Финансирање на дејности од областа на културата, потпрограми 40, 41, 49, 50, 84 и 85 од ставките 482 – други градежни работи.

Со оваа програма, распределени се вкупно 467.000.000,00 денари за реализација на предвидените проектни активности.

Во 2024 година, за реализација на капитални дотации во областа на културата, Министерството за култура има склучено договори со единиците на локалната самоуправа за реализација на средства во износ од 50.000.000,00 денари.

Овие договори се склучени во согласност со Програмата за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа во областа на културата за 2024 година бр. 41-1632/3 од 30.1.2024 година, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија.

**Заштита на културното наследство**

Во рамките на Годишната програма од областа на заштитата на недвижното културно наследство за 2024 г. (програма 50, 58 и 59) беа одобрени вкупно 161 проекти, од кои: 131 проекти на 11 национални установи, 2 проекти на 2 локални музејски институции, 5 проекти на други буџетски корисници, 15 проекти од 13 правни субјекти и 8 проекти на 8 поединци – физички лица. Во оваа област во 2024 година, вкупниот буџет во висина од 94.728.842,00 ден. беше распределен за: годишните програми на националните установи – 91.227.642,00 денари; другите корисници – 3.501.200,00 денари.

Програма 81 е финансирање на заштитата на аудиовизуелните добра и со оваа буџетска програма во 2024 година се финансира една национална установа со 5 проекти, со средства во износ од 4.500.000,00 денари.

Во делот на музејската дејност и заштитата на нематеријалното културно наследство (Програма 80) беа поддржани 296 проекти од областа на археологијата, етнологијата, историјата, историјата на уметноста, природонауката и заштитата на нематеријалното културно наследство, и тоа: 195 проект на национални установи, 31 проекти на локални музејски установи, 13 проекти на други буџетски корисници, 49 проекти на здруженија на граѓани и НВО и 8 проекти на поединци – физички лица. Одобрениот буџет за реализација на Програмата за 2024 година изнесува вкупно 37.711.497 денари.

Во 2024 година, од областа на библиотечната дејност се финансирани вкупно 153 проекти, од кои 111 се проекти за остварување на годишната програма на националните библиотечни установи. Поддржани се 42 проекти на учесници на Годишниот конкурс за учество во финансирање на националниот интерес во културата за 2024 година, од кои: 30 се на локални библиотечни установи, 5 се на здруженија на граѓани, 5 на други буџетски корисници и две на физички лица. Во однос на доделените средства за кои се склучени договори со сите учесници, со буџетот за 2024 година се поддржани проекти во вкупен износ од 13.676.100,00 денари. Со 11.710.500,00 денари се поддржани годишните програми на националните установи, а со 2.965.600,00 денари се поддржани проекти на другите корисници.

**<u>Меѓународна културна соработка</u>**

Во 2024 година заложбите на Министерството за култура беа преку Годишните конкурси да се поддржат проектите што ги следат насоките на надворешната политика на нашата земја и се во функција на претставување на младите уметници, етаблираните автори и институциите од нашата држава во државите претседавачи со ЕУ, во европските метрополи, во културно-информативните центри на Република Северна Македонија во странство и на големите реномирани манифестации. Во таа насока, од поголемите претставувања на македонската култура во 2024 година се издвојуваат: настапите на Драмскиот театар од Скопје во Љубљана, Бриони, Сараево и во Подгорица во рамките на Регионалната унија на театри РУТА; Балканската турнеја на Ансамблот

„Танец“; учеството на Ансамблот на албански ора и песни на Меѓународниот фолклорен фестивал во Брунсум, Холандија; претставувањето на Националната опера и балет во Софија и во Виена. Од реализираните проекти на другите корисници, вниманието на јавноста во регионот и пошироко го привлекоа: настапите на Градскиот мешан хор „Вардар“, претставувањата на „Efterklang Makedonium Band“ и на Камерниот оркестар „Профундис“; концертите на Страшо Темков, Инес Неделковска, Арда Мустафаоглу, Ева Богоевска, Македонскиот брас- квинтет; настапите на културно-уметничките друштва „Мирче Ацев“, „Ибе Паликуќи“, „Звуците на Каршиака“, „Вапцаров“; изложбите на Петра Ј. Ристовска, на ДЛУМ, на Музејот на град Скопје, на Филип Фидановски и на Осман Демири. Традиционално се одржа и манифестацијата „Македонско културно лето во Пустец и во Корча“, а се реализираа и активностите на Македонско-хрватското друштво „Марко Марулиќ“.

Посебен акцент во 2024 година беше ставен на поддршката на иницијативите што се во насока на усогласување на културните политики во Република Северна Македонија со релевантните културни политики, пред сè, на ОН, УНЕСКО, ЕУ, како и на активна партиципација на нашата држава во политиката на ЕУ за отворање и збогатување на европскиот културен простор.

- Меѓународни документи, спогодби и програми за соработка

Во текот на 2024 година се вршеше усогласување на текстовите на билатералните документи со Латвија и со Обединетите Арапски Емирати, а беше иницирано и потпишување на нов билатерален документ со Република Словенија, како и посебен Договор за соработка во областа на заштитата на културното наследство со Француската Република. До крајот на 2024 година се очекува и усогласување и потпишување на билатерален документ со Јапонија, кој ќе биде прв од ваков вид.

- Учества на меѓународни настани, традиционални манифестации, комплексни претставувања

Во 2024 година Република Северна Македонија традиционално се претстави на Венецијското биенале на ликовната уметност преку проектот „Помеѓу надеж и страв“ на Славица Јанешлиева (куратор: Национална галерија на Република Северна Македонија), кој беше проследен со големо внимание од културната јавност и посетителите на овој престижен настан.

Во контекст на континуираното присуство на Република Северна Македонија во светските метрополи, треба да се спомене и одржувањето на традиционалната манифестација во чест на Св. Кирил во Рим, во чии рамки во 2024 година беше реализиран концерт на Камерниот оркестар од Битола.

- Саеми на книгата

Во 2024 година во рамките на Конкурсот за меѓународна дејност беше поддржано учеството на Саемот на книгата во Лајпциг, кој е посветен на авторите, како и претставувањето на Саемот на книгата во Франкфурт, кој е најголем настан од овој вид во светот.

- Културно-информативни центри во странство

Програмата на центрите во 2024 година, со мали исклучоци, беше комплетно реализирана. Пред странската јавност во Њујорк, Софија, Тирана, Истанбул и во Загреб се претставија музичките уметници Антонијо Китановски, ансамблот „Консонанс“, Владимир Лазаревски, Марко Виденовиќ, Лек Груби, Љупчо Коскаров, ликовните автори Симонида Филипова Китановска, Јана Манева Чупоска и др.

Во однос на двомесечниот престој на македонски уметници во македонското ателје при Меѓународниот град на уметностите во Париз, во 2024 година пред француската јавност се претставија неколку уметници од Република Северна Македонија, меѓу кои беа Билјана Билбилоска и Тони Васиќ.

**МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА**

Што се однесува на мултилатералната соработка, Министерството за култура и туризам и во 2024 година обрна особено внимание на активностите што се однесуваат на состојбата со „Природното и културното наследство на Охридскиот Регион“, впишано на Листата на УНЕСКО за светско наследство. До Центарот за светско наследство на УНЕСКО беше доставен заедничкиот извештај со Република Албанија за состојбата со заштитата на природното и културното наследство на Охридскиот Регион и напредокот во спроведувањето на препораките од Одлуката 45.COM 7B.104 (Ријад, Кралство Саудиска Арабија) со ревидиран Стратегиски план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот Регион, во согласност со забелешките што беа дадени од страна на Центарот за светско наследство, односно советодавното тело ИКОМОС – Меѓународниот совет за споменици и локалитети.

Во периодот од 25 до 29 март 2024 година во Република Албанија и во Република Северна Македонија се реализираше заедничка Реактивна мониторинг-мисија на Центарот за светско наследство на УНЕСКО и советодавните тела – Меѓународната унија за заштита на природата (IUCN) и Меѓународниот совет за споменици и локалитети (ICOMOS), која треба да даде препораки и насоки за идните активности со цел негова соодветна заштита.

Во врска со активностите на УНЕСКО поврзани со Конвенцијата за заштита на нематеријалното културно наследство, до крајот на 2024 година се очекува одлуката дали мултинационалната номинација „Традиционална изработка и свирење на гајда“ ќе се впише на Репрезентативната листа на УНЕСКО за нематеријално културно наследство на човештвото (номинацијата ќе биде

разгледувана на 19. сесија на Меѓувладиниот комитет на УНЕСКО за заштита на нематеријалното културно наследство 2. – 7.12.2024 година во Асунсион, Парагвај).

Во однос на имплементацијата на Конвенцијата на УНЕСКО за мерките за забрана и спречување на недозволениот увоз, извоз и пренос на сопственоста на културните добра, во 2024 година се реализираше и проектот „Борба против недозволената трговија со културни добра во Западен Балкан“, финансиран од ЕУ, а имплементиран од УНЕСКО, во чии рамки, во организација на Регионалното биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа со седиште во Венеција, се реализираше обука на околу 100 претставници од повеќе македонски институции кои работат на оваа проблематика.

Нашата држава е вклучена и во заедничкиот проект за повторно воспоставување заедничка постојана поставка во блокот 17 на Државниот музеј Аушвиц-Биркенау во Полска, координиран од Регионалното биро на УНЕСКО за наука и култура во Европа со седиште во Венеција, Италија. Проектот е заеднички развиен од страна на шесте држави сукцесори (Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија, Словенија и Северна Македонија), во соработка со УНЕСКО, и е во насока на создавање заедничка постојана изложба за холокаустот како место за сеќавање на жртвите во концентрациониот логор Аушвиц-Биркенау од територијата на поранешна Југославија. Државите сукцесори, во согласност со Договорот потпишан од министрите за култура/претставниците на државите сукцесори на свечената церемонија што се одржа на 25.1.2024 година во седиштето на УНЕСКО во Париз, ќе треба да ги надоместат трошоците за реновирање и конзервација на заедничките простории, структури и сегменти од блокот 17 во износ од 1.000.000,00 евра кои се финансирани од Република Австрија, преку посебните договори што ќе се склучат со Фондацијата „Аушвиц-Биркенау“ во Република Полска. Делот на Република Северна Македонија ќе биде **околу 75.000,00 евра, односно околу 5.000.000,00 денари, кои се предвидуваат во Буџетот за 2025 година.** (Тука не се предвидени трошоците за одржување и за поставката што ќе биде изложена во павилјонот).

Во почетокот на 2024 година беа завршени активностите предвидени со одобрените 4 проекти во рамките на Програмата за партиципација на УНЕСКО за периодот 2022 – 2023 година, додека во рамките на новата двогодишна Програма за партиципација на УНЕСКО за периодот 2024 – 2025 година нашата држава поднесе вкупно 7 предлог-проекти до УНЕСКО.

Во рамките на членувањето во Меѓународната фондација „Форум на словенските култури“, во 2024 година, како една од земјите основачи, обезбедивме средства за котизација, а се вклучивме и во иницијативите и активностите на оваа еминентна организација.

Како и секоја година, за членувањето во меѓународните организации во кои партиципираме како држава преку нашите институции, здруженија и експерти од областа на културата и кои се со консултативен статус при УНЕСКО и други меѓународни организации, Министерството за култура и туризам обезбеди финансиска поддршка за покривање на трошоците за годишните котизации/членство и за реализација на одредени активности во рамките на соодветните меѓународни организации (ИКОМ, ИКОМОС, АИКА, ИССН, ИФЛА, АЦЕ, ФИАФ, ЦИОФФ).

### Интегрирање во Европската Унија во областа на културата

Во тековната 2024 година, иако беше изборна година, Секторот за европски прашања работеше на тековните задачи во рамките на европските програми, но реализираше и активности чија цел е забрзување на евроинтегративниот процес преку соработката меѓу државите од Западен Балкан и од ЕУ.

Посветено се работеше на подготовката и на организацијата на дводневниот Министерски состанок за Агендата на ЕУ за Западен Балкан за иновации, истражување, образование, култура, млади и спорт, на 7 и 8 септември 2024 година, на кој нашата држава беше домаќин. На состанокот, на кој покрај министерот Љутков учествуваа и министерката за образование и наука на Република Северна Македонија, министерот за култура и иновации, Балаш Ханко, од унгарското претседателство со Советот на ЕУ и **Илиана Иванова, еврокомесарка за иновации, истражување, култура, образование и млади, се потенцираше дека целта е** Агендата да ја продлабочи соработката со ЕУ и со заеднички фокус, таа да се спроведе.

Усогласувањето и усвојувањето на правото на ЕУ продолжи и во 2024 година. На квартално ниво се реализирани активности во насока на планирање, подготовка, следење и известување за имплементацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европска Унија (НПАА) за Поглавје 26 и ажурирање на матрицата, за што до Министерството за образование беа доставувани квартални извештаи за реализирани активности.

Во однос на користењето на Инструментот за претпристапна помош ИПА, во 2024 година продолживме со националното кофинансирање на проектот „Конзервација и ревитализација на културно-туристичкиот комплекс Св. Ѓорѓи – Старо Нагоричане“.

Во рамките на Годишниот конкурс на Министерството за култура за финансирање програми и проекти од национален интерес во културата за 2024 година, одобрени се финансиски средства за поддржување на вкупно 8 проекти од областа на европските интеграции на 8 национални установи.

Претставници од Секторот за европски интеграции, како членови на комисиите за следење на програмите за прекугранична соработка на Република Северна Македонија со соседните земји (Р Грција, Р Бугарија, Р Албанија, Р Косово и Р Србија), активно учествуваа на овие програми и доставуваа коментари и забелешки во однос на процедурите, но и активно учествуваа на состаноците одржани во текот на 2024 година.

Во 2024 година, Канцеларијата за Креативна Европа – потпрограма Култура продолжи со реализацијата на следниве оперативни и програмски активности:

(1) Техничка помош за заинтересираните потенцијални апликанти за повиците за аплицирање за категориите Проекти за соработка и Циркулација на европски книжевни дела.
(2) Промоција на поддржани проекти во рамките на програмата Креативна Европа – потпрограма Култура.
(3) Медиумска промоција на програмата, актуелните повици, успешните проекти преку електронските медиуми, веб-страницата и фејсбук-профилот на Министерството за култура.
(4) Учество на состаноци на мрежата на Креативна Европа и следење различни тренинзи и вебинари преку платформата Тимс.
(5) Индивидуални консултации со заинтересирани потенцијални апликанти.
(6) Подготовка на податоци за нова веб-страница на Канцеларијата со други дополнителни алатки.
(7) Активности поврзани со механизмот на кофинансирање на поддржаните проекти од потпрограмата Култура и негово редизајнирање во согласност со критериумите на новата, односно актуелната програма на ЕУ.

Соработката со Советот на Европа активно продолжи и во 2024 година. Претставници од Секторот за европски интеграции редовно учествуваат на состаноци на Управувачкиот комитет за култура, наследство и предел (CDCPP) на Советот на Европа и на други настани поврзани со програмата Културни рути на Советот на Европа каде што се разгледуваат и можностите за конкретна соработка во сферата на културата со цел развој на културниот туризам и општиот економски развој на државата.

## Родово одговорно буџетирање

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | I год. | II год. | III год | I год. | II год. | III год |
| Проект за конзервација на црквата „Св. Ѓорѓи“ во с. Курбиново, Ресенско Целосно е завршена конзервацијата на архитектурата на црквата. Во тековната 2024 година се заврши на конзервацијата живописот во внатрешноста на црквата. За следната година се предвидува конзервација на фасадното сликарство. | Вработени во Сектор за заштита на културното наследство; Вработени во надлежни установи за недвижно наследство | Стручна комисија при МКТ | јуни 2023<br>јануари 2024<br>јануари 2025 | декември 2023<br>декември 2024<br>декември 2025 | Вработени во Секторот за заштита на културното наследство; Вработени во надлежни установи за недвижно наследство; Надворешни соработници | | | Министерство за култура и туризам, Раздел 180.10, Програма 50<br>2022 г. – 8.878.682 ден.<br>2023 г. – 3.900.000 ден.<br>2024 г. - 1.200.000 ден | | |
| **Вкупно активности во I година:** | | | | | 1 | | | | | |
| **Вкупно активности во II година:** | | | | | 1 | | | | | |
| **Вкупно активности во III година:** | | | | | 1 | | | | | |
| **Вкупно за потпрограма 1: 1** | | | | | | | | | | |

| Потпрограма 5: Проект за непосредна заштита на Сарајот на Ахмед Нијази-бег во Ресен – План за спроведување | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год. | II год. | III год | I год. | II год. | III год |
| Проект за непосредна заштита на Сарајот на Ахмед Нијази-бег во Ресен<br>И во 2024 година продолжи санацијата и препокривањето на сегмент од покривот на објектот. | Вработени во Секторот за заштита на културното наследство; Вработени во надлежни установи за недвижно наследство | Стручна комисија при МКТ | јуни 2023<br>јануари 2024<br>јануари 2025 | декември 2023<br>декември 2024<br>декември 2025 | Вработени во Секторот за заштита на културното наследство; Вработени во надлежни установи за недвижно наследство; Надворешни соработници | | | Министерство за култура и туризам, Раздел 180.10, Програма 50<br>2022 г. – 2.000.000 ден.<br>2023 г. – 1.011.132 ден.<br>2024 г. - 1.500.000 ден | | |
| Вкупно активности во I година: | | | | | 1 | | | | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | 1 | | | | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | 1 | | | | | |
| Вкупно за потпрограма 1: 1 | | | | | | | | | | |

### 2.4. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 4: „МЕЃУНАРОДНА КУЛТУРНА СОРАБОТКА“

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| **Образложение:** Програмата „Меѓународна културна соработка“ произлегува од стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2024 година, Интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија, со кој треба да се исполни следнава стратешка цел: Натамошно |

| |
|---|
| унапредување на добрососедските односи и активно учество во регионалните иницијативи со цел постигнување поцврста и поефикасна регионална соработка. |
| 1. Произлегува од НПАА (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, поглавјето, секторот и темата од НПАА): Поглавје 3.26 точка 2 |
| 2. Стратешки приоритети и цели на органот на државната управа:<br>– подигнување на степенот на видливост на културата на Република Северна Македонија во меѓународни рамки;<br>– засилено присуство и партиципација на Република Северна Македонија во иницијативите на меѓународните институции.<br><br>***Цели:***<br>– Препознатливост на културата и културното наследство на Република Северна Македонија како дел од мозаикот на европските културни вредности.<br>– Промоција на Република Северна Македонија како активен партнер на меѓународните институции во процесот на градењето на културните политики во европски рамки. |
| **Цел на Програмата:** Меѓународна културна афирмација на Република Северна Македонија во функција на општествениот развој на државата. |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>**–** воспоставена формално-правна рамка за културна соработка со други држави;<br>– реализација на голем број активности и проекти во меѓународни рамки. |
| Програмата е: (забележете го видот на Програмата) **X** Хоризонтална ☐ Вертикална |
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата:** |

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:**<br>Меѓународна соработка на билатерално и на мултилатерално ниво, особено во регионални рамки, како и активна соработка со УНЕСКО и со другите меѓународни организации | **Показател за успешност:**<br>Стабилни добрососедски односи и партнерства со институциите од другите држави на билатерално и на мултилатерално ниво, особено во регионалниот контекст. Динамична интерсекторска координација на национално ниво која долгорочно ќе овозможи уште поинтензивна соработка со УНЕСКО и со другите меѓународни организации. |
| **Потпрограма 2:**<br>Меѓународна промоција на авторите и на репродуктивните уметници од РСМ | Успешно моделирана перцепција за РСМ како земја со голем творечки и креативен потенцијал. |
| **Потпрограма 3:**<br>Мапирање на состојбата, стимулирање и креирање нови форми за меѓународна културна соработка | **Показател за успешност:**<br>Изработена нова Стратегија за меѓународна соработка и промоција на културата на РСМ. |

## Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

**Потпрограма 1: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА НА БИЛАТЕРАЛНО И НА МУЛТИЛАТЕРАЛНО НИВО, СОРАБОТКА СО УНЕСКО И СО ДРУГИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ – План за спроведување**

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| Потпишување и спроведување меѓународни договори со кои ќе се | Министерство за култура и туризам, Сектор за меѓународна соработка и | Министерство за надворешни работи, Секретаријат за законодавство, Министерство за | јануари 2025 | декември 2027 | I год. Вработени во Секторот за | II год. Вработени во Секторот за | III год. Вработени во Секторот за | I год. Нема фискални импл | II год. Нема фискални импли | III год. Нема фискални имплик |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| продлабочат и ќе се унапредат билатералната и мултилатералната соработка во областа на културата во регионален контекст и со другите држави/меѓународни организации. | соработка со УНЕСКО, Сектор за нормативно-управни работи и институции од областа на културата | образование и наука, Министерство за финансии, Агенција за млади и спорт | | | меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и во Секторот за нормативно-управни работи, како и служби од институциите од областа на културата | меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и во Секторот за нормативно-управни работи, како и служби од институциите од областа на културата | меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и во Секторот за нормативно-управни работи, како и служби од институциите од областа на културата | икации | кации | ации |
| Зачувување на статусот на Охридскиот Регион како природно и културно наследство. | Министерство за култура и туризам, Национална комисија на УНЕСКО, Сектор за нормативно-управни работи, Сектор за заштита на културното наследство и др. надлежни органи и институции | Канцеларија на претседателот на Владата, Министерство за животна средина и просторно планирање, Управа за заштита на културното наследство, локална самоуправа на Охрид, Струга и на Дебрца и др. | јануари 2025 | декември 2027 | I год. Вработени во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и во Секторот за нормативно-управни | II год. Вработени во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и во Секторот за нормативно-управни | III год. Вработени во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и во Секторот за нормативно-управни | I год. 300.000,00 | II год. 300.000,00 | III год. 300.000,00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | работи, како и служби од другите надлежни институции и органи | работи, како и служби од другите надлежни институции и органи | работи, како и служби од другите надлежни институции и органи | | | |
| **Вкупно активности во I година:** | Приближно 10 активности | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година:** Приближно 10 активности | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година:** Приближно 10 активности | | | | | | | | | | |
| **Потпрограма 2 : Меѓународна промоција на авторите и на репродуктивните уметници од РСМ – План за спроведување** | | | | | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| | | | | | | | | | | |
| Претставување на културата на РСМ во земјите претседавачи со ЕУ во 2025 година – Република Полска или Данска и во една од европските престолнини на културата за 2025 година: Нова Горица – Горициja | Министерство за култура и туризам, Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и институции од областа на културата | Министерство за надворешни работи, Секретаријат за законодавство, Министерство за финансии | јануари 2025 | декември 2025 | Вработени во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и во Секторот за нормативно-управни работи, како и служби | | | 7.500.000,00 | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | од институциите од областа на културата | | | | | |
| Реализација на културни проекти и иницијативи во државите што се во фокусот на надворешната политика на Република Северна Македонија, проекти кои овозможуваат видлива промоција на културното наследство и актуелното творештво, проекти со кои ќе се поддржи мобилноста на уметниците и на културните работници и со кои ќе се одржи континуитетот на претставувањето на РСМ на реномираните меѓународни манифестации и фестивали. Претставување на ЕКСПО Осака | Министерство за култура и туризам, Сектор за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО | Сектор за дејности од областа на културата, национални институции од областа на културата, независен културен сектор, Министерство за надворешни работи | јануари 2025 | декември 2027 | Вработени во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и надворешни соработници – членови на комисија за селекција на проектите | Вработени во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и надворешни соработници – членови на комисија за селекција на проектите | Вработени во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и надворешни соработници – членови на комисија за селекција на проектите | 82.000.000,00 | 82.000.000,00 | 82.000.000,00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реализација на активности во Културно-информативните центри на РСМ во странство: Њујорк, Софија, Истанбул, Тирана, Загреб, Белград и други планирани центри | Министерство за култура и туризам | Министерство за надворешни работи, Секретаријат за законодавство, Министерство финансии | јануари 2025 | декември 2027 | Вработени во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и надворешни соработници – членови на комисија за селекција на проектите | Вработени во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и надворешни соработници – членови на комисија за селекција на проектите | Вработени во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО и надворешни соработници – членови на комисија за селекција на проектите | 62.000.000,00 | 62.000.000,00 | 62.000.000,00 |
| **Вкупно активности во I година:** | Приближно 200 проекти и иницијативи кои се дел од Годишната програма на МК и ќе се реализираат и од националните установи, граѓанските здруженија и поединци. | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година:** Приближно 200 проекти и иницијативи кои се дел од Годишната програма на МК и ќе се реализираат и од националните установи, граѓанските здруженија и поединци | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година:** Приближно 200 проекти и иницијативи кои се дел од Годишната програма на МК и ќе се реализираат и од националните установи, граѓанските здруженија и поединци | | | | | | | | | | |

| Потпрограма 3: Изготвување документ, Стратегија за меѓународна соработка, со активна партиципација на граѓанскиот сектор, што ќе овозможи поддршка на иновативни облици на меѓународна соработка – План за спроведување | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| I год. Вработени во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО | Министерство за култура и туризам | Министерство за надворешни работи, СЕП и други ресорни министерства, институции и невладин сектор | јануари 2025 | декември 2025 | Вработени во Секторот за меѓународна соработка, НУ, невладин сектор и експерти | II год. | III год. | I год. 200.000,00 | II г. | III год. |
| Вкупно активности во I година: 1 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | | | | |

**ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 5: „**Зајакнување на процесот на европска интеграција во културата и туризмот“

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| **1.Образложение:** Програмата „Зајакнување на процесот на европска интеграција во областа на културата и туризмот“ произлегува од приоритетите на надворешната политика во Програмата за работа на Република Северна Македонија 2024 – 2028 (Остварување на реален видвив напредок во евроинтегративниот процес и полноправното членство во ЕУ), за кој треба да се постигнат следниве цели: Ефикасно користење на инструментот за претпристапна помош (ИПА) 2021 – 2027 на Европската Унија (ЕУ) и на програмите на ЕУ за националните културни установи, граѓанскиот сектор во областа на културата, како и за независната сцена; Зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) како основен стратегиски програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија; Поддршка на транснационалната европска соработка преку „Креативна Европа 2021 – 2027“; Соработка со институциите на ЕУ и активно следење на европските културни политики и практики; Вклучување во нови иницијативи на ЕУ за државите од Западен Балкан, во согласност со потребите на македонскиот културен сектор; Обезбедување техничка поддршка на националните и на локалните институции од областа на културата за подготовка на апликациски пакети за апсорпција на ЕУ-фондовите/приоритетите; Подготвување анализи, развивање стратегии, акциски планови, иницијативи (национални, регионални и сл.) како помошни механизми во процесот на евроинтеграција; Промоција и поголема видливост на европските програми и на реализираните проекти. |

1. НПАА
**2. Способност за преземање на обврските од членството во ЕУ**
Поглавје 3.26 Образование и култура
**3.** 26.3 Култура: тековна состојба, програма „Креативна Европа“, краткорочни приоритети, среднорочни приоритети

**2. Стратешки приоритети и цели на органот на државната управа:**
– градење капацитети и институционална надградба на Министерството и на установите од областа на културата според европските стандарди;
– создавање модерна и ефикасна јавна администрација, базирана на дигитализација, која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и за субјектите од културниот сектор;
– ефикасна заштита на културното наследство според европски стандарди;
– унапредување на културната соработка, транснационална мобилност, едукација, развој на нови бизнис-модели, дигитализација, развој на публика и вмрежување на чинителите од културниот сектор на европско ниво;
– зајакнување на развојните политики, поддршка на иновативноста и креативноста во културниот сектор во согласност со актуелните трендови на ЕУ;
– промоција на културното наследство и на културните дејности на европско ниво;
– унапредување, промоција и заштита на културното творештво, културното наследство, идентитетот и на културните дејности на европско ниво;
– ефикасна заштита и ефективно остварување на авторското право и сродните права;
– зголемување на потенцијалот на дејности и индустрии базирани на авторското право и сродните права.

**Цел на Програмата:**
– Соодветно унапредување на работата на државните органи и на установите од областа на културата.
– Административни реформи во Министерството и во установите од областа на културата во согласност со Европските принципи за реформи во јавната администрација на земјите кандидати и на земјите потенцијални кандидати за членство во ЕУ.
– Соодветен третман на културното наследство.
– Одржување на професионална, мотивирана и ефикасна структура за имплементација на европските фондови.
– Унапредување на културната соработка, транснационална мобилност, едукација, развој на нови бизнис-модели, дигитализација, развој на публика и вмрежување на чинителите од културниот сектор на европско ниво.
– Зајакнување на развојните политики, поддршка на иновативноста и креативноста во културниот сектор во согласност со актуелните трендови на ЕУ.
– Зголемување на видливоста на културното наследство и на активностите во рамките на културните дејности.
– Промоција на културното наследство и на културните дејности на европско ниво.
– Ефикасна заштита и ефективно остварување на авторското право и сродните права.
– Зголемување на потенцијалот на дејности и индустрии базирани на авторското право и сродните права.

**Показатели за успех на Програмата:**
– Зајакнат процес на планирање, подготвување и следење на реализацијата на националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) во областа на културата и интерсекторската соработка.
– Зголемена искористеност на финансиските средства од програмата Креативна Европа – потпрограма Култура.
– Зголемена искористеност на финансиските средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА).
– Зголемена соработката меѓу македонските и европските чинители во културниот сектор.
– Зголемено ниво на остварувањето и на заштитата на авторското право и сродните права.

Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ✓ **Хоризонтална** ☐ Вертикална

**Потпрограми (компоненти) од Програмата:**

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:**<br>Подготвување и уредување на културните политики на РСМ во согласност со | **Показател за успешност:**<br>– Ефикасно спроведување и известување до ЕК за националната програма за |

| | |
|---|---|
| европските искуства, критериуми и стандарди | усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) во областа на културата и интерсекторската соработка.<br>– Ефикасно користење на пристапната помош од Европската Унија и зајакнување на воспоставениот систем за финансиско управување и контрола на средствата од ИПА во насока на усогласување на системот за управување со структурните фондови.<br>– Број на поддржани проекти од програмата Креативна Европа на ЕУ.<br>– Број на поддржани проекти на националните и на локалните установи во областа на европските интеграции.<br>– Зголемена искористеност на финансиски средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА).<br>– Усогласена национална правна рамка во областа на културата со ЕУ-директивите од оваа област.<br>– Број на посетени меѓународни конференции и работилници од областа на културата. |
| **Потпрограма 2:**<br>Унапредување на заштитата на авторското право и сродните права и усогласување со ЕУ-директивите од оваа област | **Показател за успешност:**<br>Зголемено ниво на успешно остварување и заштита на авторското право и сродните права. |

**Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit

**Потпрограма 1:** Подготвување и уредување на културните политики на МКД во согласност со европските искуства, критериуми и стандарди **– План за спроведување**

| Активност | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток (месец/год.)** | **Крај (месец/год.)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| Ефикасна меѓусекторска координација, учество и подготовка на материјали за поткомитетите на НПАА во областа на културата | Сектор за европски интеграции | Кабинет на министерот за култура и релевантни сектори во Министерството | јануари 2025<br>јануари 2026<br>јануари 2027 | декември 2025<br>декември 2026<br>декември 2027 | I год. 1 | II год. 1 | III год. 1 | I год. / | II год. / | III год. / |
| Промоција на Програмата на Креативна Европа инфоденови/семинари/работилници /веб/промотивни материјали) на национално ниво (локално и регионално) | Канц. на потпрограма Култура – МК Канц. на потпрограма Медија – Агенција за филм | Европска комисија, Извршна агенција за образование и култура, ДЕУ, СЕП, АФ, НФ, Кабинет на министерот за култура | јануари 2025<br>јануари 2026<br>јануари 2027 | декември 2025<br>декември 2026<br>декември 2027 | 3 | 3 | 3 | Донаторска сметка за програмата Култура на ЕУ бр. 180010041878598, раздел 180.01 ставка 426<br><br>Буџетски раздел 180.10 – Култура<br>Програма 94 – Европски интеграции<br>Потставка 464990 | | |
| Учество на состаноци/ инфоденови/семинари/работилници во организација на други заинтересирани организации и канцеларии на Креативна Европа вклучени во програмата. | Канц. на потпрограма Култура – МК Канц. на потпрограма Медија – Агенција за филм | Кабинет на министерот за култура | јануари 2025<br>јануари 2026<br>јануари 2027 | декември 2025<br>декември 2026<br>декември 2027 | 2 | 2 | 2 | Донаторска сметка за програмата Култура на ЕУ бр. 180010041878598, раздел 180.01 ставка 426<br><br>Буџетски раздел 180.10 – Култура<br>Програма 94 – Европски интеграции<br>Потставка 464990 | | |
| Кофинансирање на одобрени проекти од Креативна Европа – потпрограма | Сектор за европски интеграции | Кабинет на министерот за Култура | јануари 2025<br>јануари 2026<br>јануари | декември 2025<br>декември 2026<br>декември | 2 | 2 | 2 | Буџетски раздел 180.10 – Култура<br>Програма 94 – Европски интеграции<br>Потставка 464990 | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Култура | | | 2027 | 2027 | | | | |
| Подготовка, склучување договори, следење и кофинансирање проекти од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) | Министерство за култура, Национален конзерваторски центар, НАО - супервизија | Европска комисија, ЦФЦД – Министерство за финансии, СЕП, Кабинет на министерот за култура | јануари 2025 јануари 2026 јануари 2027 | декември 2025 декември 2026 декември 2027 | 4 | 4 | 4 | Буџетски раздел 180.10 – Култура Програма 94 – Европски интеграции Потставка 464990<br>7.200.000 ден. / / |
| Учество во усогласување на националната правна рамка во областа на културата со ЕУ-директивите | Сектор за европски интеграции, Сектор за правни работи, Управа за заштита на културното наследство | Европска комисија, СЕП, Кабинет на министерот за култура | јануари 2025 јануари 2026 јануари 2027 | декември 2025 декември 2026 декември 2027 | 2 | 2 | 2 | / |
| Учество на конференции, работилници и остварување соработка и заеднички проекти со значајните европски иницијативи и националните установи од областа на културата | Сектор за европски интеграции | Министерство за надворешни работи, СЕП, Кабинет на министерот за култура | јануари 2025 јануари 2026 јануари 2027 | декември 2025 декември 2026 декември 2027 | 2 | 2 | 2 | Буџетски раздел 180.10 – Култура Програма 94 – Европски интеграции Потставка 464990 |
| **Вкупно активности во I година: 7** | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година: 7** | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година: 7** | | | | | | | | |
| **Вкупно за потпрограма 1: 21** | | | | | | | | |

## 2.6. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| **Образложение:** Во согласност со обврските од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ 6/2012, 166/2014), Министерството за култура, во рамките на својот буџет, а во согласност со Стратегијата за родова еднаквност (2021 – 2026), како родово сензитивна програма, се предлага ***Програмата 10 – Литературна и издавачка дејност***. Предложените интервенции од страна на Министерството се во насока на поттикнување зголемено учество на жени во проекти на полето на културата со акцент на литературата и книжевноста, и промоција на проекти кои имаат цел да ги обработат и родовите политики во општеството и прашањето на еднаквоста на жените наспроти мажите. Родовата нееднаквост во областа на културата се намалува со директно стимулирање и финансирање авторки (во согласност со приоритетите дадени во Годишниот конкурс), проекти чиишто подносителки се жени, но и проекти кои треба да ги истражуваат условите поради кои жените немаат еднакви можности со мажите да се изразат/искажат во областа на културата. |
| 3. Не произлегува од НПАА и нема поврзаност со пристапни партнерства, како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје. |
| **4. Стратешки приоритети и цели на органот на државната управа:**<br>- Програмата е поврзана со *Стратегијата за родова еднаквост (2022 – 2027)*, и тоа во согласност со Специфичната цел од Стратегијата *2.11. Унапредување на родовата еднаквост во културата*, со која се очекува од Министерството за култура да постигне зголемено учество на жени во проектите за култура и воведување родова статистика за носителите на проекти, поспецифично очекуван резултат 2.11.2 Родовите прашања да бидат повидливи во културните настани и 2.11.3 Промовирани авторки во македонска книжевност и преведени дела од странски авторки. Исто така, програмата е поврзана со Годишната програма на Министерството за култура за 2024 година од областа на литературата и издавачката дејност, врз база на Годишните конкурси за 2024 година по дејности и Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на литературата и издавачката дејност за 2024 година со Пријава за проект од областа на литературата и издавачката дејност за 2024 година, каде што во приоритети под точка 9. Стои:Поттикнување на литературното творештво и теми кои третираат родова проблематика на жени авторки од Република Северна Македонија. Во сите останати пријави по различни дејности од Годишните конкурси за 2024 година еден од приоритетите е: Унапредување на родовоата рамноправност.). |
| **Цели на Програмата:**<br>- Поттикнување и подобрување на учеството на жената во културниот живот на РСМ.<br>- Зголемување на бројот на поддржани изданија од жени авторки, преведувачки или уреднички на списанија.<br>- Промовирани домашни авторки во македонска книжевност.<br>- Промовирани странски авторки преку преведени и издадени дела во Република Северна Македонија.<br>- Промовирани дела од домашни жени авторки издадени во други земји и преведени на странски јазик.<br>- Финансирање проекти и активности во функција на поправање на стереотипните рамки за улогата на жената во општеството, особено на жените што се припаднички на маргинализирани етнички и социјални групи, како и за потребата од слободно изразување во уметноста за теми што го обработуваат општествениот статус на жената. |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>- Број на поддржани авторки (писателки), преведувачки и уреднички на книжевни изданија.<br>- Број на поддржани изданија што обработуваат теми од областа на родовите прашања, родот и родовите политики во културата и во општеството.<br>- Зголемено учество на жени во проектите за култура и воведување родова статистика за носителите на проекти. |
| Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ✓ **Хоризонтална** ☐ Вертикална |
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата:** |

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:**<br>Поттикнување и подобрување на учеството на жената во културниот живот на РСМ: Унапредување на родовата еднаквост во културата, родовите прашања да бидат повидливи во културните настани | **Показател за успешност:**<br>Зголемување на бројот на поддржани уметнички проекти чии носители се жени.<br>-Зголемен број на реализирани проекти со учеството на жената во културниот живот на РСМ.<br>-Зголемен број проекти што ги обработуваат темите со родова проблематика од аспект на подобрување на еднаквите можности на жената и на мажот во општеството и подобрување на статусот на жената во општеството.<br>- |
| **Потпрограма 2:**<br>Промовирани авторки во македонската книжевност и преведени дела од странски авторки:<br>(Зголемување на бројот на поддржани книги и литературни изданија од авторки и изданија што обработуваат теми со родова проблематика од аспект на подобрување на еднаквите можности на жената и на мажот во општеството и подобрување на статусот на жената во општеството). | **Показател за успешност:**<br>- Зголемен број поддржани авторки (писателки), преведувачки и уреднички на книжевни изданија.<br>- Број на поддржани изданија што обработуваат теми од областа на родовите прашања, родот и родовите политики во културата и во општеството. |

## Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Потпрограма 1: Поттикнување и подобрување на учеството на жената во културниот живот на РСМ: Унапредување на родовата еднаквост во културата, родовите прашања да бидат повидливи во културните настани
**План за спроведување**

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток (месец/год.)** | **Крај (месец/год.)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
| Одобрување и реализација на проекти по годишни програми за поттикнување и подобрување на учеството на жената во културниот живот на РСМ во рамките на годишните конкурси (интердисциплинарни проекти, творештво, проекти за промовирање на културното | Министерство за култура и туризам | Работна група за родово одговорно буџетирање | 2023 јануари | 2025 декември | Корисници на средства во независ | Корисници на средства во нез | Корисници на средства во нез | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| наследство)<br>Анализа на извештаите од стручните комисии кои ги резгледуваат пријавите<br>Анализа на подржаните проекти на Годишните конкурси од предходната година<br>-Родова статистика на подржаните проекти<br>-Родова статистика на реализираните проекти | | | | | иот сект ор | ави сни от сект ор | ави сни от сект ор а | | | |
| **Вкупно активности во I година:** Најмалку 41 % од вкупниот број поддржани автори/носители на проекти на годишните конкурси во 2023 г. да бидат жени | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година:** Најмалку 43 % од вкупниот број поддржани автори/носители на проекти на годишните конкурси во 2024 г. да бидат жени | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година:** Најмалку 45 % од вкупниот број поддржани автори/носители на проекти годишните конкурси во 2025 г. да бидат жени | | | | | | | | | | |
| **Вкупно за потпрограмата:** | | | | | | | | | | |

## 3. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

| Програма | Резиме на потребата од нови вработувања | Резиме на потребата од прераспределба на вработените | Резиме на потребата од обука |
|---|---|---|---|
| **Уметничко творештво и дејности од областа на културата** | Во согласност со Годишниот план за вработување | / | Во согласност со Годишниот план за обуки |
| **Заштита на културното наследство** | Во согласност со Годишниот план за вработување | / | Во согласност со Годишниот план за обуки |
| **Меѓународна културна соработка** | Во согласност со Годишниот план за вработување | / | Во согласност со Годишниот план за обуки |
| **Интегрирање во Европската Унија** | Во согласност со Годишниот план за вработување | / | Во согласност со Годишниот план за обуки |
| **Родово одговорно буџетирање** | Во согласност со Годишниот план за вработување | / | Во согласност со Годишниот план за обуки |

### 4. ПРИНЦИПИ НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

| Очекувано влијание во I година | Очекувано влијание во II година | Очекувано влијание во III година |
|---|---|---|
| Во согласност со Годишниот план за вработување за 2025 година | Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени во согласност со Годишниот план за вработување за 2026година | Принципите на правична застапеност ќе бидат запазени во согласност со Годишниот план за вработување за 2027 година |

| **Управување со човечки ресурси** | | |
|---|---|---|
| Подготвување на измена и дополнување на актот за систематизација на работните места.<br>Подготвување и измена на Правилникот за внатрешна организација.<br>Подготвување Годишен план за вработување за 2025година.<br>Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јануари – јуни 2025 година.<br>Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јули – декември 2025година.<br>Подготвување на Годишниот план за обуки на административни службеници.<br>Подготвување Извештај за реализираните обуки.<br>Спроведување на оценувањето на административните службеници.<br>Подготвување Извештај за годишното оценување.<br>Подготвување Годишен извештај за изречени дисциплински мерки. | Подготвување Годишен план за вработување за 2026 година.<br>Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јануари – јуни 2026 година.<br>Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јули – декември 2026 година.<br>Подготвување на Годишниот план за обуки на административни службеници.<br>Подготвување Извештај за реализираните обуки.<br>Спроведување на оценувањето на административните службеници.<br>Подготвување Извештај за годишното оценување.<br>Подготвување Годишен извештај за изречени дисциплински мерки. | Подготвување Годишен план за вработување за 2027 година.<br>Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јануари – јуни 2027 година.<br>Подготвување Извештај за реализација на Годишниот план за вработување за периодот јули – декември 2027 година.<br>Подготвување на Годишниот план за обуки на административни службеници.<br>Подготвување Извештај за реализираните обуки.<br>Спроведување на оценувањето на административните службеници.<br>Подготвување Извештај за годишното оценување.<br>Подготвување Годишен извештај за изречени дисциплински мерки. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

## 5. ПРИНЦИПИ НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

| **Очекувано влијание во I година** | **Очекувано влијание во II година** | **Очекувано влијание во III година** |
|---|---|---|
| Изготвување анализа која ќе претходи на изработката на Оперативен план за 2024 година за имплементација на Националниот план за акција за родова еднаквост. | Изработка на Оперативен план за 2025 година за имплементација на Националниот план за акција за родова еднаковост. | Министерството за култура ќе продолжи со воспоставување ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост. |

## 6. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ

| **Очекувано влијание во I година** | **Очекувано влијание во II година** | **Очекувано влијание во III година** |
|---|---|---|
| **Развивање политики** | | |
| **Стратешко планирање/подготвување на буџет** | | |

| | | |
|---|---|---|
| За изготвување и следење на стратешките планови, за изготвување извештаи, аналитички осврт на состојбите, за подготовката на иницијативите, како и за прибирање податоци за МКТ, неопходно е кадровско доекипирање на Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење. | Доекипирање со кадар и негова континуирана обука со цел јакнење на капацитетот на Одделението за стратешко планирање, креирање политики и следење. | Во согласност со планираните приоритети и активности, континуирана обука на кадарот во Одделението.<br>Следење на извршувањето на Стратешкиот план за периодот 2025 – 2027 г. |
| **Извршување на Буџетот и управување со средства** | | |
| Во Министерството за култура и туризам, во согласност со Правилникот за внатрешна организација, постои Сектор за финансиски прашања со три одделенија: за буџетска координација, за буџетска контрола и за сметководство и плаќања.<br>Неопходно е јакнење на капацитетите на Секторот. | Обука на ваработените во Секторот.<br>Следење на извршувањето на Буџетот на Министерството за култура и туризам и Финансирање на дејностите од областа на културата по години. | Континуирана обука на вработените.<br>Следење на извршувањето на Буџетот на Министерството за култура и туризам и Финансирање на дејностите од областа на културата по години.<br>Изготвување на буџетот на Министерството за култура и туризам и Финансирање на дејностите од областа на културата по години. |
| **Управување со информациски технологии** | | |
| Одделението за информатика ќе продолжи да ги извршува задачите и работите утврдени со актот за внатрешна организација, пред сѐ, во насока на јакнење на ИТ-капацитетите на МКТ. Неопходно е јакнење на кадровските капацитети на Одделението и спроведување обуки на вработените во Одделението. | Јакнење на капацитетите на Одделението за информатика со пополнување на празните работни места и спроведување обука за вработените во Одделението. | Јакнење на техничките капацитети на Одделението за информатика.<br>Континуирана обука на вработените во Одделението. |

| Предлог-буџет по години за реализирање на проектите од Годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сметка | Програма | Опис на програма | Расходно конто | Назив | Предлог-буџет за 2025 г. | Предлог-буџет за 2026 г. | Предлог-буџет за 2027 г. |
| 637 | 10 | Издавачка дејност | 464 | Разни трансфери | 95.000.000,00 | 95.000.000,00 | 95.000.000,00 |
| 637 | 20 | Библиотекарство | 464 | Разни трансфери | 25.000.000,00 | 50.000.000,00 | 50.000.000,00 |
| 637 | 30 | Филмска дејност | 464 | Разни трансфери | 600.000,00 | 600.000,00 | 600.000,00 |
| 637 | 31 | Агенција за филм | 464 | Разни трансфери | 240.000.000,00 | 300.000.000,00 | 300.000.000,00 |
| 637 | 40 | Музичка дејност | 464 | Разни трансфери | 140.000.000,00 | 140.000.000,00 | 140.000.000,00 |
| 637 | 41 | Драмска дејност | 464 | Разни трансфери | 120.000.000,00 | 120.000.000,00 | 120.000.000,00 |
| 637 | 47 | Фолклорна дејност | 464 | Разни трансфери | 50.000.000,00 | 50.000.000,00 | 70.000.000,00 |
| 637 | 50 | Заштита на културното наследство | 464 | Разни трансфери | 95.000.000,00 | 150.000.000,00 | 150.000.000,00 |
| 637 | 58 | Културно наследство во опасност | 464 | Разни трансфери | 12.000.000,00 | 24.000.000,00 | 12.000.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 637 | 60 | Ликовна дејност | 464 | Разни трансфери | 45.000.000,00 | 45.000.000,00 | 45.000.000,00 |
| 637 | 70 | Културно-уметнички манифестации | 464 | Разни трансфери | 80.000.000,00 | 80.000.000,00 | 80.000.000,00 |
| 637 | 72 | Интердисциплинарни | 464 | Разни трансфери | 30.000.000,00 | 30.000.000,00 | 30.000.000,00 |
| 637 | 73 | Креативни индустрии | 464 | Разни трансфери | 60.000.000,00 | 60.000.000,00 | 60.000.000,00 |
| 637 | 80 | Музејска дејност | 464 | Разни трансфери | 115.000.000,00 | 173.000.000,00 | 175.000.000,00 |
| 637 | 81 | Кинотечна дејност | 464 | Разни трансфери | 10.000.000,00 | 15.000.000,00 | 15.000.000,00 |
| 637 | 90 | Меѓународна соработка | 464 | Разни трансфери | 90.000.000,00 | 90.000.000,00 | 90.000.000,00 |
| 637 | 93 | Културни центри во странство | 464 | Разни трансфери | 65.000.000,00 | 65.000.000,00 | 65.000.000,00 |
| 637 | 92 | Поддршка на млади таленти | 464 | Разни трансфери | 10.000.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| 637 | 94 | Европски интеграции | 464 | Разни трансфери | 25.000.000,00 | 24.000.000,00 | 25.000.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | | | | | **1.307.600.000,00** | **1.516.600.000,00** | **1.527.600.000,00** |

**РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИ ПЛАН**

| **РИЗИК** | **ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ** | **ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ** | **МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ** |
|---|---|---|---|
| При подготвување на стратешкиот план на МКТ постои ризик од ненавремено доставување податоци од страна на секторите ;<br>Постои ризик од ненавремено доставување на иницијативи од страна на секторите кои треба одделението за стратешко планирање да ги достави во точно определен рок до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ;<br>Постои ризик од ненавремено доставување на приоритетни цели од страна на секторите кои треба да се достават до Генералниот секретаријат за подготвување на Предлог одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ за наредната година. | Средна | Големо | -Перманентна координација меѓу Одделението за стратешко планирање и сите сектори во Министерството за култура.<br><br>-Навремено доставување на потребни податони за подготовка на стратешки план , иницијативи и приоритетни цели од страна на секторите при Министерството за култура и туризам. |

**РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА**

| РИЗИК | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ | ВЛИЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ |
|---|---|---|---|
| При спроведувањето на **Програма 1: „Уметничко творештво и дејности од областа на културата“** постои ризик од ненавремено одлучување за избор на проекти од национален интерес, што предизвикува доцнење со потпишување на договорите на Министерството за култура и туризам со носителите на проектите. | Средна | Големо | Навремено одлучување за избор на проекти и потпишување на годишните договори со цел запазување на динамиката на реализирање на одобрените проекти. |
| Одобрување зголемен број проекти со недоволен буџет предизвикува „квантитет наспроти квалитет“, како и генерално незадоволство кај носителите на прифатените проекти. | Голема | Големо | Строги критериуми за финансирање и избор на квалитетни проекти и финансиска поддршка од страна на МКТ со реален буџет кој ќе овозможи создавање на висококвалитетни проекти. |
| Спроведувањето на постапките во согласност со ЗОУП влијае на доцнење на реализирањето на проектите, доставување извештаи и исплата на одобрените проекти. | Средна | Големо | Навремено доставување извештаи од страна на корисниците.<br>Навремено доставување дописи и ургенции до корисниците на средствата и потсетување за одредбите од договорот. |
| За **Потпрограмата 1.5. Процес за реализација на децентрализацијата на постојната мрежа на установи од областа на културата**, се цени дека постои ризик да не се донесат навреме измените на Законот за културата и на Законот за финансирање на ЕЛС, што е услов ЕЛС да го прифатат процесот за децентрализација на дел од националните установи од областа на културата. | Голема | Големо | Министерството за култура и туризам континуирано ќе ги информира Владата на Република Северна Македонија и другите надлежни тела и засегнати субјекти во процесот за децентрализација и ќе предлага соодветни мерки за надминување на ризиците за реализација на процесот. |
| При спроведувањето на **Програма 1-6: „Заштита на културното наследство“,** постои ризик од:<br>o недостиг на стручен кадар; | Средна | Средно | Изработка на прецизна динамика за реализација на активностите и придржување кон неа.<br>Вработување на дефицитарен кадар, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ○ спроведување јавни набавки,<br>○ преголеми административни процедури и недоволна ажурност на УЗКН;<br>○ несоодветно програмирање на институционалните програми. | | | поедноставување на процедурите, изнаоѓање дополнителни извори на финансирање.<br>Зголемување на буџетот за проекти и програми во дејноста и воведување нова буџетска линија за заштита на културното наследство. |
| **Програма 3: „Меѓународна културна соработка“ –** Постои ризик од доцнење во исплатата на доделените средства во согласност со Годишните конкурси што влијае на самата реализација на проектите. | Средна | Големо | Навремено префрлување на средствата од страна на надлежниот државен орган. |
| При спроведувањето на **Програма 3: „Меѓународна културна соработка“,** постои ризик од откажување на предвидените настани од страна на организаторите во странство. | Средна | Големо | Бидејќи средствата се веќе планирани, треба да се разгледаат можностите за претставување во друга држава на фестивал или манифестација со сличен карактер, |
| При спроведувањето на **Програма 3: „Меѓународна културна соработка“** може да дојде до пролонгирање на процесот на склучување договори со корисниците што влијае врз префрлањето на средствата и реализацијата на проектите. | Средна | Големо | Навремено и ангажирано дејствување на сите инстанци вклучени во процесот. |
| **Програма 4: Европски интеграции; активност 5**: Ненавремено спроведување на активностите за конзервација и реставрација на црквата „Св. Ѓорѓи“, Старо Нагоричане | Средна | Големо | Вработување на стручен кадар во Националниот конзерваторски центар – Скопје.<br>Ефикасна подготовка и спроведување на тендери за проектните задачи.<br>Подобрување на соработката со релевантните партнери во проектот. |
| **При спроведувањето на Програмата за родово одговорно буџетирање, постои ризик од** одобрување на зголемен број проекти со несоодветен буџет, што предизвикува „квантитет наспроти квалитет“. | Средна | Големо | Овие состојби може и треба да бидат отстранети преку обезбедување институционална и финансиска поддршка и внесување приоритети во конкурсите од национален интерес. |

**Одделение за стратешко планирање , креирање на политики и следење**